МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Број 184 Февруари 2025

# ШТИТ



Актуелни настани во НАТО

„Humvee 2-CT“, мобилна платформа за одржување

Ловејќи го времето, местото, формата и тонот

ISSN 1857-6710

Фото: Армиските единици на обука во зимски услови



# Претседателката Гордана посета на касарната „Ја

Претседателката и врховен командант на вооружените сили, Гордана Сиљановска Давкова, придружувана од началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, 2025 година ја започна со посета на припадниците на Армијата во касарната „Јане Сандански“ во Штип.

Во таа пригода, врховниот командант изврши обиколка на тактичко техничкиот збор, каде што беше изложена опремата и вооружувањето со кое располага 2.пешадиски баталјон (2.пб).

Во рамки на посетата, командантот на 2.пб ја информираше Сиљановска Давкова за состојбата во единицата, и за нејзината мисија и задачи што ги исполнува Бригадата.

Претседателката, задоволна од виденото, во своето обраќање до припадниците на македонската Армија рече: „Знам дека сте почитувани, знам дека сте славни, и мило



# а Сиљановска Давкова во ане Сандански“ во Штип

ми е што сум овде меѓу вас за продолжување на една убава традиција“.

Воедно, Сиљановска Давкова нагласи дека изложената опрема е доказ дека Армијата го одржува чекорот со најсовремените армии и дека се надева оти 2025 година ќе биде година на мировни процеси кои ќе се почитуваат.

Дополнително, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, истакна дека војниците се високо мотивирани и подготвени за изведување на своите задачи.

На крајот од посетата на касарната „Јане Сандански“ во Штип, претседателката Сиљановска Давкова на 2.пб им подари видеопроектор и присуствуваше на заедничкиот ручек.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

м-р Ксенија Митева
(лектор)

Борче Лозановски

Станка Петкова

Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Винсет графика“ – Скопје



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



10
Актуелните настани во НАТО (1)



24
Операција „Марита“

# содржина

ШТИТ | година XVII | број 184 | февруари 2025

ИНФО
**Началникот на Генералштабот на Армијата на Конференција на Воениот комитет на НАТО** ............ 7

**Мисајловски на средба со семејствата на загинатите бранители** ............ 8

Глобал
**Прекин на огнот помеѓу Израел и Либан** ............ 12

Воена едукација
**Воведување хиперсонични ракети** ............ 15

Глобал
**Улогата на приватните воени компании во системот на внатрешната безбедност на државите** ............ 18

ИНФО Армија
**Припадниците на Армијата од КОД ја потврдија својата хуманост и во 2024 година** ............ 23

Вооружување
**Оклопно возило „Pit-Bull VX“** ............ 32

**„Humvee 2-CT“, мобилна платформа за одржување** ............ 36

Воена опрема
**Употреба на радиоуредот „RF-7800V-HH“ во тактички единици** ............ 44

Воени музеи
**Музеј на воената авијација на Финска** ............ 48

Лидери
**Генерал Михаило Апостолски – безвременски пример за лидерство и храброст** ............ 52

Уметниците и војната
**Ловејќи го времето, местото, формата и тонот** ............ 54

Филм
**„Ли“, жената која ја фотографираше бруталноста на војната** ............ 56



34
Борбен авион „TAI Kaan“



41
„Томахавка“

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

# *За Министерството и Армијата и грижата за вработените*

*Министерството за одбрана и Армијата, како водечки субјекти во рамките на системот за одбрана на нашата држава, оваа 2025 година ќе навршат 33 години од своето постоење, 33 години исполнети со многу успеси, највисока доверба кај граѓаните и препознатливост на квалитетот кај сојузниците и пријателите. Сето тоа се должи на активностите кои се одвиваа изминативе години, за да се остварат сите зацртани цели и задачи и да се совладаат сите предизвици кои се неминовен дел од движењето напред. Од формирањето на Министерството за одбрана и на Армијата се случија многу промени во рамките на овие институции за да се достигне обликот и квалитетот коишто го имаме денес. Беа донесени најзначајните закони и стратегиски документи кои, сепак, со текот на времето мораа и да се дополнуваат и да се менуваат. Се правеа реорганизации, систематизации и армиски формации, со цел да се следи трендот на исполнувањето на стратегиските цели и на поставените императиви. Денес, ние сме дел од колективното членство и препознатлив и баран сојузник и партнер. За сето ова што го постигнаа Министерството за одбрана и Армијата се заслужни, пред сè, вработените во овие институции, кои со својата професионалност и посветеност во работата секојдневно даваа придонес во напредокот и развојот на институциите. Во овој контекст, ќе нагласиме дека и институциите, односно раководниот кадар, го земаат предвид секој вработен и грижата за него, со цел да се создадат поволни услови, да се стимулираат и вработените да имаат сатисфакција од работата, како и да се овозможат услови за напредок, дообука, усовршување и едуцирање на персоналот. Токму во таа насока, во пресрет на новата 2025 година, министерот за одбрана, Владо Мисајловски, заедно со началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, во Министерството за одбрана, се обратија на предновогодишната средба со вработените, при што им беа доделени признанија на пензионираните припадници, офицери и подофицери од Армијата за нивниот професионален ангажман, достигнувања и придонес во реформите на Армијата, а свечено во чин полковник беа унапредени двајца офицери на Армијата. Министерот Мисајловски им се заблагодари на сите вработени во Министерството и Армијата за нивната соработка и посветеност во работата и им порача дека и во 2025 година продолжуваме заедно и сплотени да работиме за уште подобра одбрана и посилна Армија. „Имавме одлична соработка изминативе шест месеци, покажуваме доверба и синергија заеднички да продолжиме успешно да работиме и нареднава година. Ви се заблагодарувам на сите вас, за сето она што го направивте“, рече министерот Мисајловски. Голем број вработени од Министерството беа наградени и пофалени од министерот за одбрана Владо Мисајловски за покажаните резултати во работата во изминатиов период. Генералот Лафчиски им се заблагодари и на сегашните и на пензионираните припадници за нивната служба во Армијата и за фактот дека тие „направија многу и го трасираа патот за следните генерации“.*

*За крај ќе нагласиме дека до крајот на 2024 година, 99 проценти од сите побарувања во согласност со Колективниот договор, Законот за вработени во одбраната и Законот за служба во Армијата се исплатени, и дека и во 2025 година ќе продолжат да се почитуваат сите обврски кон вработените, со што јасно се потврдува грижата на Министерството за одбрана и Армијата за вработените.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk
borce.lozanovski@mod.gov.mk
stanka.petkova@mod.gov.mk



# Свечено испратени во пензија 20-тина припадници на Армијата, која доби двајца нови полковници

На последниот ден од минатата година, министерот за одбрана Владо Мисајловски и началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, имаа предновогодишна средба со вработените во Министерството и Генералштабот на Армијата.

На свеченоста им беа доделени признанија на дваесетина пензионирани припадници, офицери и подофицери од Армијата за нивниот професионален ангажман, достигнувања и придонес во реформите на Армијата, а во чин полковник беа унапредени двајца офицери на Армијата.

По тој повод, министерот Мисајловски им се заблагодари на вработените во Министерството и Армијата за нивната соработка и посветеност во работата, и им порача дека и во 2025 година продолжуваме заедно и сплотени да работиме за уште подобра одбрана и посилна Армија.



„Им благодарам на сите вработени во Министерството и на сите припадници на Армијата кои неуморно, професионално и посветено секој ден го минуваат правејќи ја нашата држава посигурна, нашите граѓани побезбедни. Имаме одлична соработка изминативе шест месеци, покажуваме доверба и синергија заеднички да продолжиме и успешно да работиме“, рече министерот.

Од друга страна, генералот Лафчиски, им се заблагодари на пензионираните припадници за нивната долгогодишна служба во Армијата и за фактот дека тие „направија многу и го трасираа патот за следните генерации“. Дополнително, НГШ на припадниците и вработените во Министерството и Армијата им ја честита Новата година и посака кохезијата во работата да продолжи и во 2025 година.

На собирот присуствуваа и заменик-министерката за одбрана Елфет Исмаили, заменикот-началник на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, раководителите во Министерството и началниците на секции во Генералштабот.



# Началникот на Генералштабот на Армијата на Конференција на Воениот комитет на НАТО

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, минатиот месец учествуваше на редовната Конференција на Воениот комитет (ВК) на НАТО. На Конференцијата, која се одржа во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа началниците на генералштабовите на земјите членки на НАТО и на земјите партнери на НАТО, како и командантите на стратегиските команди на НАТО, командантот на Врховната сојузничка команда за операции, генерал Кристофер Каволи и командантот на Врховна сојузничката команда за трансформација, адмирал Пјер Вандиер.

На отворањето на Конференцијата пред началниците на Генералштабовите се обрати генералниот секретар на НАТО, Марк Руте. Конференцијата ја водеше претседавачот на ВК, адмирал Роб Бауер, кој по нејзиното завршување ја предаде должноста на адмирал Џузепе Каво Драгоне.

Фокусот на Конференцијата беше натамошно зајакнување на одвраќањето и одбраната на Алијансата, зајакнување на соработката со партнерите, како и продолжување на поддршката за Украина.

Генералот Лафчиски активно учествуваше во дискусиите за прашањата поврзани со глобалните безбедносни предизвици, подготвеноста на Алијансата за одвраќање и одбрана, интероперабилноста, заканите, ризиците и предизвиците, како и соработката со земјите партнери. Во своето излагање Лафчиски ја истакна нашата посветеност за исполнување на целите на способности, давање на придонес во мисиите и операциите на НАТО и зголемување на подготвеноста на Армијата преку континуирана модернизација и опремување.



За време на Конференцијата, генералот Лафчиски разговараше со своите колеги од НАТО на повеќе теми, кои се од заемен интерес во доменот на одбраната. Притоа тој оствари средби со началниците на Генералштабовите на земјите членки и земјите партнери, а за време на средбата со адмиралот Роб Бауер, му врачи пригоден подарок по повод завршувањето на неговиот мандат како претседавач на ВК на НАТО.

Во рамки на посетата, НГШ на македонската Армија оствари и официјална посета на Врховната сојузничка команда на НАТО за Европа (SHAPE) во Монс. За време на средбите со заменик-врховниот командант на Сојузничките сили во Европа (DSACEUR), адмирал Кејт Блаунт и заменикот на Командата за специјални сили (DCOM SOFCOM), генерал-мајор Тони Тарнер, се дискутираше за глобалната и регионалната безбедност, трансформациските цели на Армијата, како и за можностите за продлабочување на соработката и поддршката од сојузниците во НАТО.

Во оваа пригода, генералот Лафчиски оствари и средба со припадниците на Армијата распоредени во Националното воено претставништво на Република Северна Македонија во НАТО, во Монс, како и со штабните старешини кои се дел од командната структура на НАТО.



Министерот Мисајловски на средба со семејствата на загинатите бранители

# Секој еден којшто го дал животот за Македонија да остане втемелен во меморијата на сите Македонци и на Македонија

Министерот за одбрана Владо Мисајловски, во Домот на Армијата во Скопје, оствари средба со семејствата на загинатите бранители и со претставници од Здружението на семејствата на загинатите припадници на безбедносните сили на Македонија „Херои на Македонија 2001–2015“.

На средбата, на којашто се разговараше за прашања кои се од особена важност за семејствата на загинатите бранители, министерот истакна дека грижата за нив ќе продолжи и дека со заедничка соработка со Здружението „Херои на Македонија 2001–2015“ достојно ќе се негува и чува споменот на македонските херои.

„Пред сѐ, ви благодарам на сите што дојдовте. Знајте дека со цело срце ве почитувам сите вас, она што македонските херои го оставиле за Македонија секогаш треба да остане во срцата на сите нас. Треба да ги почитуваме сите коишто го дале животот за Македонија и да остане втемелен во меморијата на сите Македонци и на Македонија“, рече Мисајловски и додаде дека во рамки на законските можности лично ќе се заложи за поддршка и помош на секое семејство.

„Знам дека како министерство правиме сѐ за да помогнеме. Некогаш тоа е доволно, некогаш е малку, но ќе се трудиме максимално де ве почитуваме не само вас, туку сите здруженија и сите коишто се од семејствата на бранителите“, додаде министерот за одбрана.

Тој се потсети на своето присуство на ланскиот летен камп во одморалиштето „Св. Стефан“ во Охрид и изрази надеж дека кампот оваа година ќе биде уште поголем и помасовен.

„Ќе дадеме дополнителни можности, како што е и оваа, пред сѐ за да се подружиме, но и да останеме постојано во контакт. Се разбира, доколку има некои прашања или јас лично можам да помогнам, ви стојам на располагање на сите. Воедно, ви благодарам уште еднаш за поддршката, за прекрасната комуникација и за соработката што ја имаме со вас. Да сте ми живи и здрави сите. Ви благодарам од срце“, истакна на крајот министерот за одбрана Владо Мисајловски.

Задоволство од средбата искажа и претседателот на здружението „Херои на Македонија“, Владо Стојановски. Тој се заблагодари за организацијата на настанот на кој отворено се дискутираше за предизвиците со кои секојдневно се соочуваат семејствата на загинатите припадници на безбедносните сили на Македонија, а со тоа и им се оддава почит на македонските бранители.



# Одбележана 17-годишнината од хеликоптерската несреќа во која загинаа единаесет припадници на Армијата

Со едноминутно молчење и полагање свежо цвеќе на спомен-обележјето во Катлановско Блаце, на 12 јануари, беше одбележана седумнаесетгодишнината од трагичното загинување на единаесетте припадници на Армијата, кои ги загубија своите животи враќајќи се од мировната мисија АЛТЕА во Босна и Херцеговина.

Почит на загинатите припадници на македонската Армија им оддадоа делегации од Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, предводена од министерот за одбрана Владо Мисајловски и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, претставници од Командата за операции, Првата пешадиска бригада, воздухопловниот ВИНГ, од општината Петровец, како и членовите на семејствата.



Од местото на големата трагедија, министерот за одбрана Владо Мисајловски истакна дека овие македонски херои никогаш нема да бидат заборавени.

„После 17 години повторно сме сите дојдени тука да покажеме почит кон 11-те припадници на македонскиот армиски ВИНГ коишто го дадоа животот за Македонија. Наша должност е да покажеме дека овие луѓе не се заборавени, дека се ова македонски херои. Да го чуваме споменот и да не го заборавиме нивното херојско дело, за мирот и безбедноста. Нека им е вечна слава“, изјави Мисајловски.

Со полагање свежо цвеќе во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец, на спомен обележјето пред командата на воздухопловниот ВИНГ, беше оддадена почит и од страна на припадниците на воздухопловниот ВИНГ.

Инаку, во хеликоптерската несреќа, враќајќи се од мировната мисија АЛТЕА трагично загинаа потполковник Тони Спасовски, мајор Горан Ристовски, капетаните Бране Спасовски и Игор Ѓорески, наредниците Славчо Василев и Тони Давитковски, постарите водници Јанко Шириќ и Александар Тасковски, водниците Мики Ивановски и Александар Васиќ и десетарот Златко Вељаноски.



# Заменик-министерката Исмаили на состанок на Контакт-групата за Украина

Заменик-министерката, Елфет Исмаили, минатиот месец во американската воздухопловна база „Рамштајн“ во Германија, учествуваше на состанокот на Контакт-групата за Украина. Со состанокот претседаваше американскиот секретар за одбрана Лојд Остин, а на него присуствуваше и претседателот на Украина, Володомир Зеленски.

Близу педесетина сојузници и партнери кои се дел од Контакт-групата за Украина ја потврдија поддршката за земјата која ја брани својата независност и својот суверенитет. Тие изразија поддршка за територијалниот интегритет на Украина.

Заменик-министерката, на маргините на состанокот разговараше со секретарот за одбрана Остин, при што порача дека нашата земја и во иднина ќе продолжи да ја поддржува Украина, во согласност со нејзините барања и нашите капацитети.

Исмаили и Остин се согласија дека македонско-американската одбранбена соработка е на највисоко ниво, што претставува уште еден доказ за стратешкото партнерство и сојузништво помеѓу двете земји.

Инаку, Контакт групата за одбрана на Украина (UDCG), позната и како Рамштајнска група, е сојуз од 57 земји (сите 32 земји членки на НАТО и 25 други земји) и Европската Унија. Оваа група ја поддржува одбраната на Украина со испраќање воена опрема како одговор на руската инвазија во 2022 година. Првиот состанок на Групата се одржа на 26 април 2022 година, со учество на 41 земја.

Името „Рамштајн“, Групата го доби после состанокот што се одржа во воздухопловната база „Рамштајн“ на 20 јануари 2023 година, кога Алијансата го поддржа испраќањето на тешко офанзивно вооружување во Украина, како поддршка на планираната пролетна офанзива.




# Актуелни настани во НАТО (1)

## Промените во НАТО преку одржување самити

Во 2024 година се одбележаа 75 години од формирањето на Алијансата. Силната поврзаност помеѓу Европа и Северна Америка испрати моќна порака за единство, солидарност и решителност – да се спречи војната и да се зачува мирот.

НАТО алијансата е обединета и силна воено-политичка организација со сега, веќе, 32 членки, откако двете скандинавски држави, Финска и Шведска, во 2022 година поднесоа официјални писма со барање да станат сојузници на НАТО. Во јули истата година, по завршувањето на пристапните разговори, НАТО сојузниците ги потпишаа пристапните протоколи за двете земји. Подоцна, откако сојузниците ги ратификуваа Протоколите за пристапување на двете држави, овие партнери станаа 31. и 32. земја членка на НАТО. На Самитот на НАТО во Варшава, Полска, во 2016 година, беше донесена одлука за зајакнување на одбраната и одвраќањето, преку формирање здружени борбени составы т.н. „истурено присуство“ односно „Зајакнато истурено присуство“ (enhanced Forward Presence - eFP) на источниот дел на Алијансата. Следната година беа формирани четири мултинационални баталјонски борбени групи, по една во Естонија, во Латвија, во Литванија и во Полска, демонстрирајќи ја на тој начин солидарноста, решителноста и способноста да се одбрани територијата и безбедноста на граѓаните на сојузниците. На Самитот во Мадрид, Шпанија, во 2022 година, сојузниците се согласија за фундаментална промена на концептот за одвраќање и одбрана на НАТО, што вклучува зајакнување на источната граница на Алијансата, надградба на борбените групи во источниот дел на ниво на бригада, трансформација на Силите за одговор на НАТО и зголемување на бројот на Силите за висока готовност на повеќе од 300.000 припадници. Беше донесена одлука за дополнително формирање на уште четири мултинационални борбени групи во

Бугарија, Унгарија, Романија и Словачка преку т.н. „активности на зголемена будност“ (enhanced Vigilance Activities - eVA). Со ова, вкупниот број на мултинационални борбени групи се зголеми на осум, а тие се протегаат по целото Источно крило на НАТО – од Балтичкото Море на север, до Црното Море на југ. Овде, исто така, можне значајно е и учеството на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија во рамките на НАТО мисиите, eFP во Латвија и eVA во Бугарија и во Романија.

На Самитот на Алијансата во 2023 година во Вилнус, Литванија, сојузничките лидери се согласија за спроведување на најголемото засилување на колективната одбрана во една генерација, со што се зајакнува способноста на НАТО да ги брани сите сојузници во секој домен: на копно, на море, во воздух, сајбер-одбраната и во вселената (мултидоменски операции).

Со оглед на големите промени во делот на безбедносното опкружување последниве години, сојузниците се согласија на ажуриран и зајакнат сет на регионални одбранбени планови. Овие планови се поддржани од стотици илјади војници и високо способни воздухопловни и поморски сили, во висока состојба на подготвеност. За да се извршат плановите кои се најсеопфатни, од крајот на Студената војна, сојузниците ги трансформираат Силите за одговор на НАТО со зголемување на бројот на Силите со висока готовност на повеќе од 300.000 припадници, истовремено зајакнувајќи ја воздушната одбрана, командувањето и контролата и командната структура на НАТО.

Лидерите на членките на НАТО се договорија и за инвестиции во одбраната, со трајна посветеност за инвестирање во одбраната од најмалку 2% годишно од бруто-домашниот производ, но дел од нив потврдија и дека во многу случаи расходите ќе бидат над 2%. Новото одбранбено производство ќе оди преку Акциониот план за забрзување на заедничките набавки, зајакнување на производниот капацитет и зголемување на сојузничката интероперабилност. Сојузниците дополнително се договорија за зголемување на нивните резерви на муниција и опрема, обезбедувајќи и на индустријата долгорочна сигурност за зголемување на производството. Развојот на технологијата и порастот на неконвенционалните безбедносни предизвици наложуваат државите да ги зголемат инвестициите во одбраната и безбедноста на своите граѓани. Заложбата на сите земји членки е дека веќе 2% во согласност со претходните заложби за максимумот којшто треба да го исполнат членките до 2024 година, сега ќе биде долната граница којашто секоја земја ќе треба да го постигне.

Заканите насочени кон критична подморска инфраструктура се реални, затоа што истите се од суштинско значење. Подморските податоци и енергетските кабли се исто толку ранливи колку што се и витални. Затоа сојузничките лидери се согласија да основаат Центар за безбедност на критична подморска инфраструктура во рамките на Поморската команда на НАТО во Нортвуд, Обединетото Кралство. Се согласија за формирање мрежа која ќе го обедини сојузниците, приватниот сектор и другите релевантни актери за да се подобри споделувањето и размената на информациите. Алијансата продолжува тесно да соработува со Европската Унија преку Работната група НАТО – ЕУ за отпорност на критичната инфраструктура. Предизвикот доаѓа од информациите дека засилени патроли на потенцијалните непријатели може да ја мапираат и саботираат критичната подморска инфраструктура, со зголемена загриженост за нејзино таргетирање и нарушување на секојдневиот живот на населението.

Индопацификот останува важен фокус за НАТО, а случувањата во регионот можат директно да влијаат на евроатлантската безбедност. На двата НАТО самити (во Мадрид и во Вилнус), сојузниците ги пречекаа највисоките државни претставници од четирите индопацифички партнери: Австралија, Јапонија, Нов Зеланд и Република Кореја. Овие четири партнери ја споделуваат посветеноста на Алијансата за меѓународното право, со значаен придонес за безбедноста во евроатлантската област. НАТО вети дека ќе продолжи со зајакнување на дијалогот и соработката со овие партнери, вклучително и во сајбер-одбраната, потоа за нови технологии, поморска безбедност, климатски промени и во борбата против дезинформациите. Во таа насока, во јуни 2024 година, генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, ја истакна важноста од проширување на соработката помеѓу западната воена алијанса и партнерите во Индопацификиот регион. „Она што се случува во Европа и во Азија е важно и за двата региони“, истакна Столтенберг. И на последниот Самит на НАТО во Вашингтон во 2024 година, шефовите на држави на сите 32 сојузници се сретнаа со лидерите од четирите индопацифички земји.

Драган Павловски





# Прекин на огнот помеѓу Израел и Либан

Набргу по почетокот на војната помеѓу Израел и Хамас во октомври 2023 година, Хезболах се приклучи на конфликтот, покажувајќи солидарност со Палестинците. Хезболах почна да дејствува со наведувани проектили и артилериски гранати врз израелските позиции во областа Шеба. Израел возврати со напади со беспилотни летала и артилериски гранати врз позициите на Хезболах. Израел изврши воздушни напади низ територијата на Либан и Сирија. Конфликтот брзо ескалираше, а Хезболах изјави дека има цел да изврши притисок врз Израел, со тоа што ќе го принуди да се бори на два фронта.

Во септември 2024 година, Израел изврши напади со електронски уреди насочени кон комуникациските системи на Хезболах и ги елиминираше водечките фигури на групата, вклучително и генералниот секретар Хасан Насрала, уништувајќи го и главното седиште на Хезболах во Бејрут. На 1 октомври 2024 г., израелската војска започна целосна инвазија на Јужен Либан, а израелските операции доведоа до значително уништување на воената инфраструктура на Хезболах во Јужен Либан. Во Северен Израел, конфликтот принуди приближно 96.000 лица да ги напуштат своите домови, додека во Либан, над 1,4 милиони лица биле раселени. Хезболах изјави дека нема да ги запре нападите против Израел, сè додека тој не ги прекине своите воени операции во Газа, а на тоа Израел одговори дека неговите напади ќе продолжат сè додека неговите граѓани не се вратат безбедно во северниот дел од државата. Израел и либанската милитантна група Хезболах склучија 60-дневен прекин на огнот на 26 ноември 2024 г., потег кој имаше цел да ги намали тензиите во регионот кои траат повеќе од една година. Според условите на договорот, Израел постепено ќе ги повлече своите сили од Либан, а Хезболах целосно ќе се повлече северно од реката Литани. Во меѓувреме, либанската армија ќе се распореди и ќе преземе контрола над сопствената територија. САД, Франција и другите сојузници ветија дека ќе го поддржат договорот. Но, што значи договорот за вклучените страни и идните изгледи за подолгорочен прекин на непријателствата? Прекинот на огнот е резултат на конвергенција на интересите помеѓу владата на Израел и Хезболах и, секако, неговиот главен спонзор, Иран.

Приоритет за израелската влада е решавање на домашните прашања и проблеми. Прво, израелските одбранбени сили се исцрпени после повеќе од една година војување. Израелската јавност, исто така, е уморна од конфликти и мно-

зинството се за прекин на огнот со Хезболах. Израелскиот премиер Бенјамин Нетанјаху, исто така, има внатрешни проблеми во неговата влада со кои треба да се справува. Намалувањето на потребата од активен персонал со смирување на фронтот со Либан ќе помогне во таа насока. Од перспектива на израелската армија, ослабена е воената способност на Хезболах, но не е во целост елиминирана. Хезболах е сериозно изнемоштен, а Иран сега е подготвен да ги раздвои двата фронта. Ова го остава Хамас во многу послаба позиција, без поддршката на главната прокси група од оската на отпорот на Иран. Привлекувањето на Хезболах и другите милитантни групи во регионот во директна конфронтација со Израел беше надежта на Хамас кога го започна својот напад врз Израел на 7 октомври 2023 година.



Хезболах и другите политички фракции во Либан, исто така имаат силни домашни притисоци со кои треба да се справуваат. Либан има огромен број бегалци како резултат на конфликтот – огромното мнозинство шиитски муслимани, гранката на исламот од која потекнува Хезболах. Состојбата во Либан го зголеми ризикот од секташки борби меѓу шиитските и другите фракции во земјата. Можеби е вистинско време за лидерите на Хезболах да ги намалат загубите и да се подготват за прегрупирање, како политички така и воено. Иран, исто така, се обидува да ја рехабилитира позицијата на Хезболах во Либан што е можно поскоро. Договорот доаѓа во време кога Техеран се подготвува за американска администрација која би можела да има посериозен став кон Иран и неговите поддржувачи во регионот, од кои Хезболах е најзначајниот. Со новиот ирански претседател и новата американска администрација, прекинот на огнот меѓу главниот претставник на Иран и Израел може да биде првиот чекор на Техеран да изгради конструктивен дијалог со Белата куќа, предводена од претседателот Трамп. Целосниот текст на договорот за прекин на огнот меѓу Израел и Либан, составен од 13 точки, го претстави израелскиот премиер. Договорот гласи:

- Хезболах и сите други вооружени групи присутни на либанска територија ќе се воздржат од спроведување на какви било офанзивни дејства против Израел, а за возврат, Израел нема да изврши никаква воена офанзива против цели во Либан, без разлика дали се на копно, во воздух или на море.
- И Израел и Либан ја признаваат Резолуцијата 1701 на Советот за безбедност на ОН.
- Овие обврски не го отфрлаат правото на Израел и Либан на самоодбрана.
- Либанските безбедносни сили и либанската армија ќе бидат единствените овластени ентитети кои ќе носат оружје или ќе распоредуваат војници во Јужен Либан.
- Продажбата, обезбедувањето или производството на оружје и воени материјали во Либан ќе бидат надгледувани од либанската влада.
- Ќе се демонтираат сите неовластени објекти поврзани со производство на оружје и воени материјали.
- Целата воена инфраструктура и позициите кои отстапуваат од договорот ќе бидат демонтирани, а целото неовластено оружје ќе биде одземено.
- Ќе се формира комитет, одобрен и од Израел и од Либан, за да го надгледува и да помага во спроведувањето на овие обврски.
- Израел и Либан ќе пријават какви било прекршувања на овие обврски до комитетот и до привремените сили на Обединетите нации во Либан (УНИФИЛ).
- Либан ќе распореди официјални безбедносни сили и либанска армија долж сите гранични премини и дефинираната линија за јужната зона, како што е наведено во планот за распоредување.
- Израел постепено ќе се повлече од јужната зона на Сината линија во период до 60 дена.
- САД ќе ги зајакнат индиректните преговори меѓу Израел и Либан за да се постигне меѓународно признато разграничување на копнената граница.



Улогата на САД во прекинот на огнот е голема, односно благодарение на САД има прекин на огнот, и покрај фактот што Вашингтон е сојузник на Израел и негов главен снабдувач на оружје. Но, и либанската влада и Хезболах се свесни за улога на САД, а по примерот на посредување во договорот од 2022 г., со кој за првпат беа утврдени поморските граници меѓу Израел и Либан. Договорот за прекин на огнот е во корист и на американската администрација во заминување и на претстојната администрација, односно ќе

претставува дипломатски успех и еден проблем помалку.

Последиците за Либан би биле сериозни доколку не беше постигнат прекин на огнот. Земјата пред војната веќе беше во опасна економска ситуација, а повеќемесечните борби само ја влошија економската и политичката криза во земјата. Војната повторно ги разгоре секташките тензии во Либан, а враќањето на граѓанската војна во земјата е сè поизвесно. Но, постои неизвесност како прекинот на огнот ќе влијае на различните ривалски фракции во либанското општество. Хезболах е ослабен и можеби сега бара начин да ја потврди својата сила во политиката на Либан. Главното прашање е како на тоа ќе реагираат другите фракции и политички партии. Со ослабен Хезболах, другите фракции може да ја предизвикаат милитантната организација на начини на кои не се видени досега. Пред да биде десеткуван од Израел, немаше ривалски групи кои можеа да го предизвикаат. Но, сето тоа се промени: воената моќ на Хезболах е деградирана и Насрала, водачот на групата, е убиен, а нивниот лидер не беше само „мозокот на Хезболах", туку тој беше и најважната врска на групата со Иран. Не е исклучено, поради ослабениот Хезболах, да продолжи борбата за моќ и понатамошните судири во земјата. Секако, Хезболах ќе се обиде повторно да се наметне како лидер на домашната сцена. Работите ги комплицира и фактот што во Либан постои политички вакуум, има преодна влада, веќе две години нема претседател, откако Хезболах го услови назначувањето на новиот претседател. Сега либанските политичари ќе треба да се договорат за нов претседател кој, пак, ќе назначи нов премиер и влада во услови на ослабен Хезболах.

За Израел, прекинот на огнот ќе биде можност за реконструкција на делови од северниот дел на државата кои се уништени од гранатирањето на Хезболах и можно враќање на илјадници Израелци кои се повлекоа од северните области кои се блиску до границата со Либан. Тоа, исто така, ќе им овозможи на израелските одбранбени сили да се регрупираат, да ги освежат и да ги фокусираат своите ресурси во Газа, наместо да се борат на два фронта. Прекинот на огнот нема да доведе до постојан мировен договор, имајќи го предвид фактот дека фундаменталните политички цели на Израел, Хезболах и Иран не се променети и дека израелско-палестинскиот конфликт продолжува со исто темпо. Меѓутоа, прекинот на огнот во догледна иднина може да доведе до нормализирање на односите помеѓу Израел и Либан.

Деталите во договорот за прекин на огнот не се многу поразлични од Резолуцијата 1701 на ОН со која заврши последната голема војна меѓу Израел и Хезболах во 2006 година. Со оглед на фактот дека договорот за прекин на огнот исто така предвидува преговори за демаркација на границата помеѓу Израел и Либан. Либанско-израелската граница претставува зона на континуиран конфликт. Долниот тек на реката Литани е северниот раб на тампон-зоната предложена од ОН помеѓу Израел и Либан. Голанската Висорамнина, која се граничи со Сирија, исто така е спорна територија во регионот. Појасот Газа и Западниот Брег, палестинските територии кои се управувани од Хамас и палестинската управа, исто така често се области на насилен конфликт.

Крај на конфликтот посакуваат и либанската и израелската страна. Голема е веројатноста дека Хезболах може повторно да се прегрупира во Јужен Либан. На израелска страна, раселување на цивилите во близина на границата продолжува, а оптоварувањето на армијата ја поттикнуваат потребата за изнаоѓање на решение.

Сепак, овој договор за прекин на огнот претставува значајна воена победа за Израел. Израел му нанесе сериозна штета на Хезболах и ги постигна своите клучни цели, меѓутоа, и покрај тоа што постигнатиот договор стратешки значително ја промени ситуацијата во корист на Израел, повеќе од јасно е дека Хезболах следниов период ќе се регенерира. Либанскиот премиер Наџиб Микати изјави оти се надева дека ќе се заврти нова страница во регионот и повика на единство во Либан, нагласувајќи дека либанската армија треба да го обезбеди Јужен Либан и дека Израел се придржува до договорот и се повлекува од либанската територија.

Иранскиот портпаролот на Министерството за надворешни работи го поздрави договорот за прекин на огнот, надевајќи се дека тоа ќе стави крај на израелските напади врз Либан, додека палестинската управа изрази надеж дека прекинот на огнот ќе придонесе за запирање на насилството и нестабилноста од кои страда регионот. Од страна на Хамас беше поздравена соработката со сите напори за постигнување прекин на огнот во Газа и правото на Хезболах да склучи договор за заштита на либанскиот народ, меѓутоа палестинската јавност изрази загриженост поради договорот за прекин на огнот, бидејќи му дозволува на Израел да ги насочи сите свои воени сили во Појасот Газа. Дефинитивно, овој договор е привремено, кревко примирје, без разлика што треба да овозможи траен прекин на непријателствата.

д-р Ненад Танески





# Воведување хиперсонични ракети

Поради екстремната брзина и способност за непредвидливо маневрирање, „Кинжал“ претставува предизвик за украинските и западните системи за противвоздушна одбрана. Тие се многу потешки за пресретнување во споредба со постоечките ракети. Нивното воведување во војната во Украина ја нагласува способноста на новите технологии да ја пробијат противвоздушната одбрана, да го намалат времето за реакција и да ги направат стратегиските напади многу поефикасни.

За хиперсонична брзина се смета брзина која е поголема од пет маха, или пет пати побрза од брзината на звукот. Развојот на хиперсонични ракетни мотори започна за време на Студената војна, но нивната реална употреба и тестирање е релативно нова појава. САД, Русија и Кина започнаа активно да развиваат хиперсонични ракети пред дваесетина години. Хиперсоничните ракети се сметаат за посебно загрижувачки бидејќи движењето со екстремна брзина ги прави да бидат (засега) тешки за детектирање и пресретнување. Денес овие ракети се развиваат активно во повеќе држави, а нивната употреба и развој се сметаат за важен елемент на модерната воена технологија.

Концептот на хиперсонични ракети произлегува од раните истражувања во аеродинамиката и балистичките проектили по завршување на Втората светска војна. На почетокот, развојот на оваа технологија бил фокусиран на тоа да им се даде поголема брзина на вселенските летала и на експерименталните авиони. Последниве неколку децении, со напредокот на материјалите, компјутерската симулација и ракетните мотори, многу држави почнаа да работат на развивање на хиперсонични ракети за воена употреба, бидејќи тие очигледно нудат значителна предност во однос на суперсоничните ракети. Нивната траекторија е тешко предвидлива и имаат многу поголема маневарска способност од традиционалните ракети.

Поширокиот контекст на секое ново оружје е стратегијата за одвраќање Во меѓународните односи, ова се однесува на спречување на противникот да преземе непријателска акција преку закана од сигурна реакција. Оваа стратегија се базира на идејата да се убеди потенцијалниот противник дека трошоците и ризиците од нападот се неисплатливи. Во историјата на

> Во март 2022 година Русија ја употреби хиперсоничната ракета „Кинжал“ во агресијата врз Украина, што предизвика значителна загриженост во меѓународната заедница. Како и со секое ново оружје, ова го означи почетокот на нова ера во воената стратегија, со потенцијал да ја влоши уште повеќе безбедносната состојба во Европа.




меѓународните односи, одвраќањето било клучно за спречување на војните, особено оние кои можеле да ескалираат за да се употреби и нуклеарно оружје. Ова е познато како нуклеарно одвраќање и има значајна улога во одржување на балансот на светската стабилност и безбедност.

За да овозможат постигнување на брзини над пет маха, технолошките аспекти на хиперсоничните ракети вклучуваат напредни изуми во различни области на инженерството. Тие имаат висок степен на преживување при пробивање на противвоздушната одбрана на противникот, што е од суштинско значење за развојот и на високо отпорни материјали кои ќе можат да ги издржат екстремните температури при триење со воздухот, како и напредни ракетни мотори за летање во хиперсоничен режим. Покрај ова, важна компонента е напредната аеродинамика која овозможува стабилност при маневрирање во различни делови од летот. Технологиите за управување со летот вклучуваат сложени сензори и системи за навигација и овозможуваат прецизно насочување на ракетата за да се избегнат системите за противвоздушна одбрана. Ова ги прави хиперсоничните ракети моментален врв и значителен технолошки предизвик за современата воена индустрија.

Хиперсоничните ракети со нивната екстремна брзина може да ја достигнат својата цел во рок од неколку минути или секунди. Многу земји сметаат дека нивното спречување не е возможно со постоечките системи на одбрана. Развојот и тестирањето на хиперсонични ракети е скапо и технолошки сложено и тоа ги прави уникатни и тешко достапни за многу држави. Ова може да се смета за посебно значајна предност, бидејќи не може кој било да ги направи ниту да ги купи.

Појавата на хиперсонични ракети придонесува за зголемување на несигурноста во меѓународните односи. Државите не можат точно да предвидат каква ќе биде реакцијата на противникот во случај на напад, бидејќи тешко може да се процени каде и кога може да дејствуваат. Ова го отежнува стратегиското планирање и ја зголемува неизвесноста за тоа како да се реагира во случај на агресија со ова ново оружје. Затоа постои дискусија дека воведувањето на хиперсонични ракети во модерното вооружување може да ја промени глобалната стратегија и балансот на силите. Државите кои развиваат и распоредуваат вакво оружје стекнуваат значителна воена предност. За оние кои не ги поседуваат, ова предизвикува чувство на воена и технолошка инфериорност и веќе е на повидок да предизвикаат нова трка во вооружувањето, а со тоа нарушување на глобалната безбедност.

*Хиперсоничните ракети нудат неколку значајни предности. Главна предност е екстремно големата брзина и способност нагло да ја менуваат траекторијата, што ги прави тешки за детектирање и пресретнување со постоечките системи за противвоздушна одбрана. Брзината со која се движат ги прави исклучително опасни, бидејќи се намалува времето за реакција по извршениот напад.*




Хиперсоничните ракети веќе покажаа силен психолошки ефект врз државите и нивните лидери. Нивната брзина и непредвидливост создава чувство на загриженост, што може да доведе до предвремени реакции. Во меѓународната политика, таквата несигурност може да поттикне агресија, бидејќи државите ќе се обидат да демонстрираат моќ за да спречат потенцијален напад. Тие ќе поттикнат напнатост и недоверба меѓу противниците, што ја зголемува веројатноста за ескалација на нови конфликти. Таканареченото „нуклеарно одвраќање“ долго време беше клучна стратегија за одржување на мирот меѓу големите сили. Хиперсоничните ракети сигурно ќе имаат големо влијание врз овој концепт, бидејќи нивната брзина и непредвидлива траекторија може да ја нарушат постоечката рамнотежа на страв и доверба. Постоечките нуклеарни сили може да очекуваат зголемен притисок, бидејќи е создадена нова состојба каде на повидок е брз, ненадеен напад со намалено време за реакција. Ова придонесува примената на нуклеарното оружје да биде поризично. Променетата динамика на досегашната стратегија за одвраќање отвора можности за нови и непредвидливи ситуации во глобалната безбедност.

Воведувањето хиперсонични ракети во иднина ќе доведе до значителна промена во националните доктрини за безбедност. Поради нивните тактичко-технички карактеристики и можностите кои ги даваат, земјите ќе бидат принудени да ги ревидираат стратегиите за одбрана, со фокус на воведување на нови технологии на побрзи и помобилни одбранбени механизми. Доктрините би требало да се ажурираат со нови методи за одвраќање и нови стратегиски решенија, како и поголем акцент на брза и точна реакција во случај на употреба на хиперсонични ракети. Ова ќе го промени целокупниот пристап при планирањето и подготовките за одбрана.

Развојот на хиперсонични ракети не-



миновно ќе наметне нова трка за вооружување, особено меѓу побогатите држави. Откако хиперсоничното оружје ќе стане стандард и ќе се започне со масовно производство, секој што ќе може да си го дозволи ќе мора да го воведе во арсеналот за да не остане чекор поназад. Како и со секоја воена иновација досега, ова може да создаде нова тензија и конкуренција во глобалната безбедност. Истото се случило и порано, кога се воведувале тенковите, авионите, носачите на авиони, подморниците итн. Во суштина, трката во вооружување никогаш и не престанала, но одвреме навреме поголемите инвестиции во напредни оружја, особено во оние кои може да имаат влијание врз нуклеарните способности, самите по себе можат да предизвикаат воено-политички ескалации.

Поради тајноста и технолошката сложеност на новите хиперсонични оружја, можното организирање преговори за евентуална контрола и ограничување на овие системи ќе се соочат со значителни тешкотии. Државите најчесто не сакаат да го откријат точниот напредок во развојот на кое било ново оружје, што сигурно ја отежнува транспарентноста и создава сомнеж меѓу државите-противници. Ова секогаш ги комплицира преговорите за контрола и ограничување, бидејќи допрва ќе треба да се договорат и да спроведат механизми за следење и проверка на нивната дистрибуција. Конкуренцијата меѓу воеоекономски најсилните држави, пред сè САД, Кина и Русија, дополнително ќе го отежне процесот на договорање, бидејќи секоја земја ќе тежнее да ги задржи своите стратегиски предности во воената технологија.

Можни опции за контрола на арсеналот на хиперсонични ракети би вклучило создавање на меѓународни договори и правни регулативи кои би требало да ги дефинираат и ода ги ограничат нивните напредни капацитети и употреба. Единствената шанса за контрола би била создавање на некакви транспарентни механизми за следење и проверка. Ќе бидат потребни стратегиски преговори преку дипломатски канали кои би биле фокусирани на обезбедување доверба. За дефинирање на нови правила за употреба на хиперсонични ракети во вооружени конфликти ќе биде неопходно да се користат постојните механизми на контрола на вооружувањето, во согласност со меѓународните договори.

Хиперсоничните ракети претставуваат моќна и значајна технологија која во иднина сигурно ќе го обликува глобалното војувалиште и меѓународните односи. Со напредокот на и воведување на овие оружја, државите ќе се соочат со нови предизвици во областа на одбраната, стратегијата и меѓународната безбедност. Појавата на секое ново оружје наметнува создавање на нови системи за одбрана кои ќе можат да соодветствуваат со нивните капацитети и можности. Од друга страна, поради високата конкуренција на развој на хиперсонични ракети, најверојатно ќе се појават нови форми на соработка и контролни механизми меѓу државите, особено помеѓу државите-партнери.

Масовното воведување на хиперсонични ракети како нов стандард во стратегијата за одвраќање ќе донесе нова динамика за глобалниот мир, ќе се иницираат нови дипломатски и безбедносни иницијативи, со цел државите да се приспособат кон оваа нова технологија. Затоа, иднината на хиперсоничните ракети ќе биде дефинирана од способноста на меѓународната заедница да го регулира и да го контролира нивното постоење, во спротивно, ќе се предизвика нерамнотежа на воената моќ, а со тоа и зголемување на потенцијалот за воена ескалација.

Ѓорѓи Вељовски






# Улогата на приватните воени компании во системот на внатрешната безбедност на државите

Втората половина на 20 век и почетокот на 21 век е период на брзи промени кои неповратно го сменија светот. Промените настанаа во научната, стратегиската, политичката, правната, економската и социјалната димензија. Овој период го одбележуваат неколку случувања и процеси кои се значајни за појавата на приватните воени организации (ПВО).

Прашањата поврзани со националната одбрана и безбедност стануваат деprivилигирани права на државата, како што се претходно препуштените права на контрола на меѓународната трговија и финансии. Безбедноста, која беше формирана врз основа на воениот фактор, стана зависна од процесите кои се случуваат во сите сфери на општеството и доаѓа до важно намалување на воената димензија во рамките на националната безбедност, а се зголемува улогата на другите служби (полицијата, разузнавачките агенции, системите за заштита на населението). Бидејќи јавните сили за безбедност немаат доволно луѓе, ресурси и можности за преземање на бараните задачи кои се над нивните основни функции, се отвори широко подрачје и нова димензија за вклучување на приватниот сектор во областа на безбедноста. Резултат на ваквите движења е побарувачката за нови концепти на безбедност. Редефинирањето на безбедноста е нужност, бидејќи сите држави како носители на безбедноста одлучиле оваа област да ја препуштат на пазарот, односно да се најдат внатрешни и надворешни партнери во спроведувањето на безбедноста. Пред лидерите на светскиот мир и војна се поставува барањето за изнаоѓање на други можности за да го продолжат своето дејствување кон своите глобални цели, но со изменети средства. Во тие настојувања корпоративните организации и ПВО стануваат потпора во исполнувањето на поставените цели.

Постојат неколку меѓусебно испреплетени односи кои треба да се истакнат за да се прикаже односот меѓу политичките елити и ПВО. Сите наведени процеси се од големо значење за да се препознае начинот како, всушност, се промени безбедноста и како таа стана производ со кој може да се тргува.

Терминот „внатрешна државна безбедност“ (Homeland security) станал популарен после терористичките напади на САД на 11 септември 2001 година па, така, и приватните воени компании на САД после 11 септември 2001 година станале еден од од главните елементи на системот на внатрешната безбедност на оваа држава После 11 септември 2001 година и терористичките напади на САД, дошло до брзо обновување на соработката помеѓу државите, со цел да се решат проблемите предизвикани од меѓународниот тероризам. Како резултат на таа соработка помеѓу државите, на 28 септември 2001 година со

Резолуцијата 1373 на Советот за безбедност на ОН, е формиран Комитет на ОН за борба против тероризмот. Институционалниот одговор на меѓународната заедница во исто време го означил и систематското влегување на приватните воени компании во внатрешната безбедност на многу држави. Всушност, додека меѓународните тела ги дефинирале активностите и задачите што требало да се извршат, а владите на државите ги преземале неопходните чекори овие активности меѓусебно да се усогласат, некои информациско-технолошки, воеоиндустриски и безбедносни корпорации биле одговорни за техничко-технолошката реализација на овие активности. На пример, хибридните приватни воени компании понудиле обука за пилотите на воените сили на САД, во смисла како да ги користат новите летала и новата опрема. Исто така, ПВК (нивните инструктори и персонал), врз основа на договор што го имале со Министерсвото за одбрана на САД или со некоја друга државна служба или агенција, биле ангажирани за да помогнат и да асистираат за ракување со таквата опрема. Приватната воена компанија „Garda World“ давала токму ваков вид услуги на меѓународниот аеродром „Пирсон“ во Торонто, Канада. Исто така, многу приватни воени компании развиле технологија, обучиле и стручен кадар и продолжиле да укажуваат помош и услуги и во поморската безбедност.

Во САД внатрешната безбедност е проширена 2001 година со донесувањето акт за обединување и зајакнување на Америка со обезбедување на соодветни средства кои се потребни за опструирање на тероризмот и основање на Секретаријатот за внатрешна безбедност. Овој секретаријат воспоставил соработка и партнерски однос, кога станува збор за безбедносните активности и операциите, со голем број корпорации (ПВК), вклучени во производството на новите технологии што се користат во областа на безбедносниот надзор и известувањето и спречување закани кои претставуваат опасност по безбедноста на американскиот народ. Стратешка цел на Секретаријатот за внатрешна безбедност е да ги заштити сите луѓе од закани и ризици, почитување на американските врски со партнерите и деловните луѓе, што се темели на зачувување на слободата и демократијата – концепт на кој се заснова угледот на САД. Терористичката идентификациона база на податоци во окружувањето (Terorist Identities Detamart Enviroment – TIDE), е класифицирана база на податоци која содржи имиња на 50.000 терористи, осомничени и потенцијални терористи. Илјадници терминали дневно пристапуваат кон оваа огромна информациско-технолошка база на податоци, која е направена од страна на воеоиндустриската корпорација „Lockheed Martin“, под патронат на програмата „Рејлхед“, унапредена од страна на „Боинг“, SRI International и десетина други субконтрактори. Корпорациите како „Lokid Martin“ и „Detica“, стојат зад проектот „Mastering the Internet“ – „Да се владее со интернетот“, што има цел да ги следи случувањата на сите активности на интернет заради превенција на криминални или терористички активности.





Надвор од владиниот сектор, мултинационалните корпорации и меѓународните организации кои себеси се гледаат како потенцијална цел на терористички напади, им доверуваат работи кои се однесуваат на процена на ризик и безбедносни услуги на приватните воени компании. Приватната компанија „US Investigations Services Inc.“ (Истражна служба на САД, која до 1996 г. била во составот на Владата на САД, спроведува истраги и известувања и безбедносни проверки на вработените во неколку владини агенции, а и.т. има и договори со неколку комерцијални компании и клиенти.

Во Франција, во 2009 година, избил голем скандал кога било откриено дека енергетската корпорација „ЕДФ“ ја ангажирала приватната воена компанија „Каргус консултанти“, за да прислушува и да ги следи активностите на невладината огранизација „ Гринпис“ во Европа. ЕДФ се занимава со нуклеарна енергија, а „Гринпис“ е антинуклеарна невладина организација. Во 2009 година лондонската компанија „Меѓународни безбедносни решенија“ – International Security Solutions, учествувала во разоткривање на афера за злоупотреба на трошоци што ги сториле многу членови на британскиот Парламент. Постојат многу вакви примери но, кога вакви и слични случаи ќе излезат во јавноста, се поставува прашањето за влијанието што го имаат приватните воени компании во работното/деловно опкружување.

м-р Ксенија Митева



# Војувалиште – поле на преживување (6)

## (Како да преживеете на бојното поле)

Војниците со себе носат резерви на храна во вид на дневни оброци, а предизвик на секоја армија е дневните оброци да бидат со помал волумен и тежина, но со задоволителна количина на калории, заради задоволување на дневните потреби. Во книгата „Mountain warfare operations“ (MCWP 3-35.1), страница 6-5, се наведува дека американскиот еднодневен оброк MRE (Meal ready for eat) не ги задоволува предвидените калорични потреби, бидејќи содржи приближно 1250 калории, така што војниците за да ја задоволат дневната потреба за калории мора да консумираат најмалку три пакувања MRE. Со цел надминување на калоричните недостатоци на MRE, Центарот за воени истражување во Натик, Масечусетс, во САД, го има произведено оброкот FSR (First Strike Ration), наменет за консумирање во движење во првите 72 часа од воените интервентни ангажирања, кој содржи 2.900 калории, со трајност од две години и на температура на чување од 27°C. Начелно, војниците, на теренско ангажирање, секојдневно, покрај тековниот еднодневен оброк, носат плус еден резервен еднодневен оброк со себе, во случај да

Храната е последниот приоритет од хиерархијата на приоритети за преживување, бидејќи човекот, во зависност од неговата здравствена состојба, без храна може да преживее од 30 до 40 дена. Количината на дневните потреби за калори изнесува 1600 калории за жени и 1800 калории за мажи при минимални физички оптоварувања, при нормални (средни) физички оптоварувања, таа количина изнесува 1900 калории за жени и 2500 калории за мажи, додека при високи физички оптоварувања и тешка физичка активност, количината е 2500 калории за жени и 3000 калории за мажи. Во услови на планинско војување и изведување на тешки физички активности, војниците трошат од 4000 до 6000 калории дневно.

останат на терен подолго од планираното време, со што 50% од вкупното оптоварување отпаѓа на храна, на вода и на резервна муниција.

Интересно е да се напомене дека во практика одлично се покажале коцките со инстатнт супа, каде што една коцка со тежина од околу 10 грама содржи 20 калории и колема количина на соли, при што може да се користи како калоричен топол напиток за спречување на дехидрација. Во источните земји се користи таканаречениот „Абалаков допинг“, според името на познатиот алпинист Виталиј Абалаков. Според Абалаков, 100 грама од овој напиток содржат неверојатни 2500 калори, и истиот може да се приготви во теренски услови: содржи 200 гр, чоколада за готвење или чоколадо со 70% какао, 2 цедени лимони и 200 мл. коњак или друг жесток алкохолен напиток.Овој напиток се приготвува на следниов начин: најпрвин чоколадата се крши и се топи, во растопената смеса се додава цедениот лимон и коњак, сѐ додека смесата не се претвори во каша која е подготвена за консумирање („Опстанак, исхрана у природи“, страница 32).

Преминувањето кон алтернативните начини на исхрана со продуктите од дивата флора и фауна бара познавање на дивата флора и фауна во географскиот регион на распоредувањето, развивање на вештини за собирање на хранливите продукти од природата, нивното селектирање, складирање и приготвување. На територија на Република С. Македонија, пролетните, летните и раноесенските годишни периоди даваат можност за полесно снабдување со хранливи продукти од природата. Во доцноесенските и зимските периоди оваа можност е значително намалена, како и на повисоките планинските предели, поради суровата зимска планинска клима. Потполковникот Јоше Симјановски во книгата „Општонародна одбрана и општествена самозаштита“, укажува на потребата од соработка помеѓу воените единици и ловните друштва, пред сѐ поради тоа што ловните друштва се одговорни за ловниот фонд на дивечот во нивните ловишта во поглед на прихраната, одгледувањето и броењето на дивечот, особено дивите кози и свињи, срнечкиот и еленскиот дивеч кој може да послужи за прехранување на воените единици, додека одгледувањето на полу дивите стада на коњи, исто така може да биде одличен ресурс за снабдување со месо за прехранување на единиците на терен.

**Дива флора**

На територијата на Р.С. Македонија можат да се најдат околу 1000 растенија кои можат да се користат како алтернативни растителни хранливи продукти во вид на чаеви, замена за кафе, зачини, салати, варива, чорби и смеси за производство на брашно.



- **Чаеви** можат да се добијат од сушени млади лисја, цветови и плодови од сите шумски овошја и следниве растенија: дива јагода, арника, ајдучка трева, бел слез, мајчина душичка, коприва, шипинки и други плодови. Замена за кафе може да се добие од цикорија и од бреза (од ресите од гранките на бреза).
- **Салати:** глуварче, чувар куќа, киселец, Црн слез, штавел, толчница итн.
- **Чорби и варива:** штир (див спанаќ), чувар куќа, женски папрат, голем папрат (бујал), бреза (млади листови), киселец, црн слез, коприва, сремуш, штавел, толчница.
- **Брашно:** шибовка (бела лобода, „пепелашка“), голем папрат (подземниот дел), толчница (семе), бреза (реси и кора).
- Како штетни и непрепорачливи растенија, поради својата токсичност се: *јадич – змиско цвеќе, волчји отров* (**Aconitum**); *змиско грозје* (**Arum maculatum**); *лудобилјее, помамница, смртоносна ноќница* (**Atropa Belladona**); *кандилка* (**Aquilegia vulgaris**); *мразовец* (**Colchicum Autumnale**); *бучумиш* (**Conium maculatum**); *момина солза* (**Convallaria majalis**); *маслиница* (**Daphne Mezereum**); *татула* (**Datura Stramonium**); *млечки* (**Euphorbiaceae**); *буника, ѓаволски шлем, сина ракета* (**Hyoscyamus niger**); *пијанец* (**Lulum Temulentum**); *орлови нокти* (**Lonicere Caprifolium**); *леандер, зокум* (**Nerium Oleander**); *гавранско око* (**Paris Quadrifolla**); *сапунче* (**Saponaria officinalis**); *вратика* (**Tanacetum vulgare**).
- Отровни габи кои најчесто се среќаваат на територија на Р.С.






Македонија се габите од родот аманита (**Amanita**), зелена јајчарка или мувоморка, пантерка, жолта и црвена мувоморка; од родот шампињони (**Agaricus**) е жолтоногиот шампињон; од родот сончарки (**Lepiota**) се обуена сончарка, црвено-кафена сончарка, отровна прстенарка; од родот мастилавки-ѓубретарки (**Cooprinus**) се шарена мастилавка, сјајна мастилавка; од родот буковки во отровни габи спаѓаат медовка или фосфорна габа, сулфурна габа, заводничка; од родот вргањ (**Boletaceae**) се кравја лепешка, горчлив вргањ, мрежест вргањ, волчји вргањ, лудара или ѓаволски вргањ, а во родот гулабици (**Russula**) спаѓаат бесна, смрдлива и розова гулапка.

**Дивата фауна,** која може да се користи како алтернативен извор на продукти за исхрана се дели на групи, според животинските видови кои егзистираат на територијата на Р.С. Македонија:




• **Инсекти:** ларви од мравки и скакулци, кои се приготвуваат со пржење во врело масло. Во екстремни случаи на глад можат да се користат и оси, ларви од термити и термити кои се приготвуваат на ист начин како и претходните инсекти.

• **Мекотели:** полжави (лозарскиот полжав) и школки (речните школки од загадените реки треба да се избегнуваат за јадење, поради тоа што ги собираат отпадните материи во водата).

• **Членконоги:** речните ракови.

• **Водоземци:** зелената жаба.

• **Влекачи:** гуштери (зелениот гуштер) и змии (змиите-отровници се избегнуваат за ловење. Во случајда бидат уловени, отровните змии се убиваат на лице место, им се отсекува главата и се закопува во земја).

• **Риби:** сите видови риби (посебно треба да се внимава на мрената, чијашто икра во време на мрестење содржи одредени токсини).

• **Птиците и нивни јајца** се јадат, а тоа се сите видови на птици коишто се хранат со храна од растително потекло (врапчиња, сојки, гугутки, грлици, див гулаб и голаб-гривнеж, потполошки, еребици, диви патки итн.), а во случај на крајна нужда се користат и други видови птици.

• **Цицачи:** приоритет се тревопасните цицачи (верверичка, зајак, јазовец, дива свиња, дива коза, срни, елени и полу диви коњи). Планското стопанисување со ловиштата од страна на ловните друштва, освен економска цел, има и стратешка цел во поглед на прехранување на воени единици на терен во случај на тотална војна, а особено ова се однесува на срнечкиот и еленскиот дивеч, како и на одгледувањето полудиви стада на коњи.

Виктор Крстевски

| ДИВА ФАУНА | | КАЛОРИИ | |
|---|---|---|---|
| **Назив** | **Кал/100гр.** | **Назив** | **Кал/100гр.** |
| Бреза – лист | 72 | Коприва – лист | 50 |
| Багрем – цвет | 62 | Глуварче – корен | 81 |
| Женски папрат | 43 | Глуварче – лист | 31 |
| Штавел – лист | 44 | Сремуш – лист | 27 |
| Киселец – лист | 44 | Сремуш – главица | 71 |
| Водена пиперка – врвови | 53 | Трнинка – плод | 101 |
| Црн слез – лист | 61 | Камилица – цвет | 37 |
| Бела детелина – лист | 61 | Дива круша – плод | 84 |

# Припадниците на Армијата од КОД ја потврдија својата хуманост и во 2024 година



Билансот на двете крводарителски акции во 2024 година во Командата за обука и доктрини во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес е вкупно 81 крвна единица, што е повеќе за 20 крвни единици споредено со 2023 година, кога беа собрани вкупно 61 крвна единица, нè информираше секретарот на Организацијата на Црвениот крст од Велес, Орце Николов. Во традиционалната есенска крводарителска акција, која се реализираше на 4 септември 2024 година, од доброволни дарители на крв беа собрани 23 крвни единици, а во пролетната акција беа собрани рекордни 58 крвни единици. Оваа крводарителска акција се организираше на 19 април 2024 година, а беше организирана во рамките на програмата за одбележувањето на Денот на КОД – 5 Април. Исто така, Николов нè формираше дека и на двете акции за доброволно дарување крв учествуваа офицери, подофицери, професионални војници и цивилни лица кои се работно ангажирани во Касарната.

„Вработените во Армијата, и воениот и цивилниот персонал, и на овие две акции, како и во многуте досега изведени акции за крводарителство изминативе 32 години, секогаш ја потврдуваат својата голема хуманост на дело со дарувањето крв, за да спасат нечиј живот во опасност“ ,потенцираше секретарот Орце Николов.

Крводарителските акции и во 2024 година ги реализираше општинската Организација на Црвениот Крст од Велес, во соработка со медицинска екипа од Институтот за трансфузиона медицина од Скопје.Во реализацијата беа вклучени и волонтери – средношколци, членови на Клубот на млади на општинскиот Црвен крст.

Од ООЦК Велес појаснуваат дека припадниците на Армијата секогаш се на врвот на листата на најхуманите во земјава и нивната крв спасила многу животи кои биле во опасност. Припадниците на Армијата сите овие изминати години многупати се вклучиле и во итни акции за дарување крв за да се спасат повредени лица од сообраќајни и други несреќи. Инаку, сите крвни единици после секоја акција се носат во Институтот за трансфузиона медицина од Скопје, а оттаму се распоредуваат за потребите на пациентите на лекување во скопските клиники и низ болниците во земјава.

Командата за обука и доктрини во март 2024 година доби признание за поддршка на крводарителството од Организацијата на Црвениот крст од Велес за претходната 2023 година.

Како што ни кажа Николов од ООЦК Велес, со години наназад припадниците на Армијата се едни од најредовните крводарители.

„Особено сум горд што чинот на т доброволно дарување на крв, односно на влегување во Друштвото на хуманите, за првпат е направен во редовите на Армијата. Сакам да истакнам дека речиси никој од нив не запира на само едно дарување, туку најчесто стануваат повеќекратни крводарители“, заклучува Николов. Воедно, тој ни појасни дека секоја година во КОД, која е сместана во велешката касарна, ООЦК, во соработка со медицинска екипа на Институтот за трансфузиона медицина, изведува две успешни крводарителски акции, пролетна и есенска, акции во кои последниве години во просек се собираат по 100-тина крвни единици.

Николов потенцираше дека, освен во акции за доброволно дарување крв, припадниците на Армијата од КОД од велешката касарна, сите овие години, вклучувајќи ја и 2024 година, редовно се вклучиле и во нивните хуманитарни акции за поддршка на социјално ранливите категории на семејства и ученици, за што, исто така, искажува голема благодарност за покажаната хуманост на дело. Воедно, со години тие успешно соработуваат и со наставниот кадар и со учениците од Посебното основно училиште „Маца Ѓорѓиева-Овчарова“ од Велес, кое сега е училиште со ресурсен центар. За ова училиште тој вели дека тие се нивните „мали-големи пријатели“, кои секогаш ги пречекуваат припадниците на Армијата со голема радост и широка насмевка при заедничкото дружење.

Организацијата на Црвениот крст од Велес, во соработка со Командата за обука и доктрина, и во 2025 година, како и досега, планира да реализира две акции за доброволно дарување крв, пролетна и есенска, преку кои и оваа година ќе ја продолжи долгогодишната хумана мисија на припадницита на Армијата.



Антоанела Димитриевска



# Операција „Марита“

> Планот за операцијата „Марита“ бил осмислен во декември 1940 година. Со Планот било предвидено спречување на италијанските сили ангажирани во војната со Грција, односно исфрлување на британските сили од Грција и загрозување на британските позиции во источниот Медитеран.

После италијанската инвазија од 28 октомври 1940 година, Грција го одбила првичниот италијански напад и контранапад во март 1941 година. Почетокот на германската инвазија бил познат како операција „Марита“, операција која започнала на 6 април 1941 година. Поголемиот дел од грчката армија бил на границата со Албанија. Германските трупи нападнале од Бугарија, создавајќи втор фронт. Грција добила мало засилување од австралиските, британските и новозеландските сили во пресрет на германскиот напад. Грчката армија била помалубројна при обидот да се одбрани и од италијанските и од германските трупи. Како резултат на тоа, одбранбената линија Метаксас не добила соодветно воено засилување и брзо била освоена од Германците, кои потоа ги нападнале грчките сили на албанската граница, принудувајќи ги да се предадат. Австралиските, британските и новозеландските сили биле принудени да се повлечат, со крајна цел евакуација. Неколку дена сојузничките трупи играле важна улога во ограничувањето на германскиот напредок на позицијата Термопили, овозможувајќи подготовка на бродови за евакуација на единиците кои ја бранеле Грција. Германската армија стигнала до престолнината Атина на 27 април и на јужниот брег на Грција на 30 април, заробувајќи 7.000 австралиски, британски и новозеландски персонал и завршувајќи ја битката со решителна победа. Освојувањето на Грција завршило со освојување на Крит еден месец подоцна. Грција била окупирана од воените сили на Бугарија, Германија и Италија.

Нападот врз Грција бил дел од една поширока балканска кампања во Втората светска војна, а битката за Грција завршила со победа на Силите на оската и во окупираниот регион. Истовремено со нападот на тогашна Југославија на 6 април 1941 година, германските сили ја започнале операцијата и во Грција. Грчките граничари пружале краткотраен отпор , но подоцна се повлекле на одредени позиции, на линијата на Метакса. Иако германските сили биле помоќни, првиот ден тие не забележале успех и некаков резултат, затоа што грчките единици ги одбраниле своите позиции. Утрото на 7 април , со силна артилериска, тенковска и водушна поддршка, германските единици тргнале во напад но, сепак, повторно не успеале. Грчката војска во првите два дена од борбите ги задржала борбените позиции источно од Струма, но состојбата кај Дојранското

Езеро се влошила. Грците издржале до 9 април, но со доаѓањето на Втората германска оклопна дивизија, која ја преминала југословенско-грчката граница, го заокружила левиот блок на грчките единици. Отпорот почнал да слабее, па така Германците го зазеле Солун, при што отсечените грчки единици источно од Солун се предале. Следните денови германските единици ги напаѓале грчко -британските единици во западниот грчки дел од Македонија. Германските 18. и 40. корпус имале цел со брзи продори да оневозможат повлекување на грчките единици од Албанија и да спречат да се создаде нова линија на одбраната меѓу Олимп – Смоликас – грчко-албанска граница. Претходно, единиците на 10. германски корпус го зазеле Лерин и така ја исполниле задачата – да ги оневозможат единиците да ја организираат грчката одбрана на Олимп. Грчката Западномакедонска и Епирска армија, на 7 април тргнале во напад кон Албанија, но заради длабочината на германскиот продор на Вториот сектор, тие се повлекле од почетната позиција.

На 13 април нападнала 9. Италијанска армија, а на 14 април и 11. италијанска армија од своите положби во Албанија. Истовремено германските воени сили го совладале отпорот на грчко-британските единици кон Олимп и продолжиле да продираат кон Тесалија. Германско-италијанските единици продирале и го рушиле отпорот на грчките единици до 21 април, а германското воздухопловство ги бомбардирало пристаништата на Конското и на Егејското Море, а ловечките авиони ги напаѓале грчко-британските колони. По 19 април, германските единици избиле во Тесалија и го зазеле градот Лариса, а дел преминале кон Јанина. Согледувајќи ја состојбата, Британците започнале да ги евакуираат своите единици од Грција. Тоа го нарушило моралот кај грчките офицери и војници но, сепак, тие решиле да продолжат со отпорот. Британците се повлекле на 20 април кон Термополи, додека зад нив продирале германските единици кои ги зазеле градовите Волос, Фарсал, Ламија, а во Епир дошле до Јанина. Откако имало промена на командантското место, на 21 апил во епирската армија започнале преговори со Германците.. На 23 април во Солун е потпишана капитулацијата на грчката војска. Истиот ден, кралот Џорџ II и владата ја напуштиле Атина и заминале со авион на Крит. Офицерите и војниците кои не сакале да ја признаат капитулацијата се организирале во помали локални единици и го штителе отстапувањето на британската војска. На 28 април Германците влегле во Атина и заробиле 8000 британски војници со комплетното вооружување и опрема. Следниот ден во рацете на Германците потпаднал и Пелопонез. Грчките единици и натаму давале отпор, овозможувајќи им на Британците да се повлекуваат од Грција. Од 62.000 британски војници на Крит биле евакуирани 53.000. Германците напоредно ги освоиле сите острови на Егејското Море, а Италијанците на Јонското Море. Слабите грчки единици, без поддршка на Британците, без воздушна поддршка и без доволно вооружување, не биле во состојба да го запрат германскиот продор. Според некои британски извори, Британците во грчката војна изгубиле 11.840 војници, Германците околу 5.100, а Италијанците многу повеќе.






м-р Зоран Василески




# Украдена иднина: Влијанието на корупцијата врз децата во Африка

Децата во Африка се жртви на дискриминаторските ефекти на корупцијата бидејќи директно зависат од јавните услуги, како и од намалениот капацитет на државата да се спротивстават на коруптивните практики. Пример за ова е кога се бара да плаќаат мито или неформални такси за да добијат услуги, или индиректно преку пропуштени услуги, бидејќи владините ресурси биле опустошени поради големата корупција и незаконските финансиски текови.

Сите форми на корупција ја намалуваат достапноста на домаќинствата и јавните ресурси за користење на основните услуги за децата. Затоа борбата против корупцијата е важен чекор за зголемување на расположивите средства за семејствата, а владите треба да инвестираат во децата. Намалувањето

Корупцијата, односно злоупотребата на доверена моќ за приватна корист, е присутна во сите пори на африканскиот општествен живот. Корупцијата е една од најголемите пречки и директно влијае врз развојот на Африка и врз остварувањето на правата на децата.

на корупцијата е неопходно заради подобрување на развојот на децата во Африка ,и исто така, претставува и обврска која произлегува од човековите права, нагласена во Африканската повелба за правата и благосостојбата на детето и во Конвенцијата на ОН за правата на детето.

Факт е дека нема многу достапна литература за тоа како коруптивната практика влијае врз децата во Африка. До неодамна ставовите на децата за влијанието на корупцијата врз нивните животи отсуствуваа од дискурсот за корупцијата во Африка. Влијанието на корупцијата врз децата во Африка ги опфаќа некои од коруптивните однесувања на давателите на услуги во здравствениот и во образовниот сектор, кои директно влијаат врз децата и нивните семејства, вклучувајќи го и отсуството на наставници/здравствени работници и практика на наплата на неформални такси за наводно бесплатни услуги. Ова се смета

за причина за обезбедување на помалку услуги за децата и предизвикува работниците во јавниот сектор да бидат помалку продуктивни и да обезбедуваат услуги со слаб квалитет. Студијата, која е прва од ваков вид, беше конципирана како одговор на прогласувањето на 2018 година за африканска година за борба против корупцијата на тема „Победа во борбата против корупцијата: Одржлив пат до трансформацијата на Африка". Извештајот е претставен на 19 март 2019 година во седиштето на Африканската унија, во Адис Абеба. Студијата е спроведена од група агенции во чиј фокус се деца кои тесно соработуваат со Африканската унија, вклучително и „Plan International", „UNICEF", „Save the Children International", „World Vision International", „African Child Policy Forum" (ACPF), „ChildFund International" и „SOS Children's Village International" во партнерство. со Советодавниот одбор за корупција на Африканската унија и Африканскиот комитет на експерти за правата и благосостојбата на детето. Во извештајот на Студијата, претседателката на Советодавниот одбор за корупција на Африканската унија, г. Бегото Миаром, истакнува дека децата носат непропорционален товар од дискриминаторските ефекти на корупцијата поради нивното потпирање на јавните услуги и намалениот капацитет за предизвикување коруптивни практики. Повторувајќи слични чувства, г. Стивен Омоло, регионален лидер на „World Vision East Africa", забележал дека на милиони деца и млади луѓе во Африка им се скратува правото на образование, здравствена заштита и пристојна иднина поради корупција. Студијата наведува дека, во просек, приближно 24 отсто од наставниците не биле на училиште за време на ненајавени посети, додека 18 отсто биле на училиште, но не предавале на закажаните наставни часови..

Стапките на отсуства во здравствениот сектор се најакутни кај висококвалификуваните здравствени работници, особено кај лекарите. Стапките на отсуство се движат од ниски 14 проценти во Танзанија до високи 46 проценти во Уганда. Исто така, вреди да се напомене дека за разлика од случајот со училиштата, повеќето отсуства од здравствените установи не се соодветно овластени од персоналот којшто е одговорен за установата. Доказите потврдуваат дека здравствените установи главно се управувани од „понизок" здравствен кадар со ограничен надзор или без надзор. Исто така, се испитуваат обидите на потрошувачите на јавните услуги (т.е. на пациентите и студентите) да пристапат до привилегирана нега преку плаќање мито. Имено, голем дел од Африканците плаќаат мито за да пристапат до „бесплатни" социјални услуги или да го забрзаат пристапот до услугите. Во образовниот сектор митото е вообичаен начин за обезбедување на повисоки оценки. Поткупот ја зголемува нееднаквоста во пристапот до основните услуги за децата и го намалува квалитетот на понудените услуги.

Извештајот, исто така, го нагласува влијанието на незаконските финансиски текови и големата корупција врз децата. Како главен извор на финансии достапен за секоја земја, владините буџети нудат најголем простор за инвестирање во децата, доколку тие се правилно управувани. Големата корупција обично резултира со загуба на големи суми пари, ресурси кои инаку би можеле да се инвестираат во подобра инфраструктура, системи и услуги за децата.

„Инвестирањето во нашите деца е од суштинско значење за социјалниот и економскиот развој на Африка", вели Хон, додека, пак, Goitseone Nanikie Nkwe, претседател на Африканскиот комитет на експерти за правата и благосостојбата на детето вели вака: Децата ни кажуваат дека корупцијата ги спречува да ги добијат услугите што им се потребни. Мораме да го послушаме нивното предупредување и да преземеме акција за да се стави крај на корупцијата еднаш засекогаш, за идните генерации да можат да го остварат својот целосен потенцијал".

Самуел Норга, директор на Канцеларијата за врски на Планот за меѓународна африканска унија забележал дека сите форми на корупција ја намалуваат достапноста на домаќинствата и јавните ресурси за трошење на клучните услуги за децата. Борбата против корупцијата е важен чекор за зголемување на расположивите средства за семејствата и затоа владите треба да инвестираат во децата.

Дорис Мпуму, директорка и претставник на АУ за Меѓународната канцеларија за врски на АУ и Пан Африка, „Save the Children", исто така забележала дека корупцијата им ги одзема на милиони деца нивните основни човекови права, правото на образование, на здравје и на пристојна иднина. „Намалувањето на корупцијата е неопходно за подобрување на развојните резултати за децата во Африка и исто така е обврска за човековите права", вели таа.

Извештајот апелира земјите членки на АУ, поддржани од Африканската унија, Обединетите нации, партнерите за развој и граѓанското општество, да ги преземат следните активности:

1. Да се даде приоритет на справување со корупцијата во клучните сектори за децата.
2. Да се зголеми буџетската транспарентност.
3. Да се користат механизми за правата на детето да се известува за преземените активности за ставање крај на корупцијата.
4. Да се едуцираат децата за корупцијата, а воедно и да им се помогне да се спречи оваа појава.
5. Да се споделуваат и да се зајакнат добрите практики во борбата против корупцијата.
6. Да се зголеми базата на докази за тоа како корупцијата влијае врз децата.
7. Ратификување и целосно спроведување на Конвенцијата на Африканската унија од 2003 година за спречување и борба против корупцијата.

Темата на АУ за 2018 година дава единствена можност да се истакне негативното влијание на корупцијата врз децата и да се потсетат земјите членки на нивните обврски – да ги спречат коруптивните практики кои го попречуваат остварувањето на правата на децата. Во Извештајот има повеќе добри практики и примери кои земјите членки можат да ги приспособат и да ги реплицираат.



м-р Билјана Поповска (за повеќе види на: https://au.int/en/articles/stolen-futures-impact-corruption-children-africa




# Бригадата СЕЕБРИГ донираше опрема за кумановскиот Дом за стари лица

Претставници на Бригадата на Југоисточна Европа – СЕЕБРИГ, која е стационирана во касарната „Боро Менков“ во Куманово, донираа дефибрилатор за Домот за стари лица „Зафир Сајто“. Донацијата е знак на меѓусебна почит и заемно разбирање помеѓу претставниците на Командата и нивните домаќини-кумановци. Атмосферата во Домот за стари лица, кој згрижува 170 корисници, тој студен јануарски ден беше топла и пријателска. Претставниците на Бригадата и персоналот испија чај и разговараа за Домот, како функционира, што му е потребно и каква грижа нуди.

„Ние, можеби не можеме да направиме сè за секого, меѓутоа можеме да направиме нешто за некого. Токму поради тоа денес сме тука како претставници на СЕЕБРИГ да донираме за возрасните луѓе коишто престојуваат во Домот. Донацијата можеби е мала, но како што кажала и самата Мајка Тереза, доколку не можете да направите голема работа, направете некоја мала работа, меѓутоа со многу љубов. И токму затоа тука се претставниците на СЕЕБРИГ од шест држави. Искрено посакуваме никогаш да не треба да се искористи овој апарат меѓутоа доколку навистина тоа биде неопходно, ќе го имате на располагање“, изјави командантот на Бригадата, бригадниот генерал Билбил Битри.

Јавната општинска установа, Домот за стари лица „Зафир Сајто“, е единствената установа од ваков вид во Куманово. Домот за стари лица е сместен во близина на стариот градски парк и нуди услуги на згрижување, целодневна нега и поддршка на корисниците. Од Домот секојдневно им излегуваат во пресрет на граѓаните кои се сместени во установата и нудат 24-часовна нега и грижа од стручен персонал: негувателки, медицински лица и стручни лица. Домот за стари лица одамна ги надмина рамките на локална и регионална институција и сега  и практично функционира како институција од национален тип, бидејќи згрижува стари лица од целата држава.

„Ќе се обидеме врз основа на барањата и потребите на општината и врз основа на нашите можности да им се најдеме на сите институции, за тие да можат да понудат подобри услуги, како што овде тоа го прават директорот и персоналот, коишто работат во оваа институција и максимално се трудат и вложуваат напори, 24 часа, 7 дена во неделата, за да го им го олеснат животот на корисниците на оваа институција од трето доба“, рече Битри.

Интенцијата на Домот е старите лица постојано да имаат најразлични активности, според нивните потреби и способности.

„Практично, добиваме една вредна машина, дефибрилатор, којашто да бидам искрен, воопшто никогаш не била планирана да биде набавена и, како што рече генералот, се надевам дека нема да го користиме многу. Иако донацијата е мала, таа е многу вредна. Всушност, вредноста и не е толку важна колку што е важно тоа што дефибрилаторот може да спаси човечки живот. Се надевам дека нашата добра соработка ќе продолжи и понатаму. Со генералот веќе поразговаравме на таа тема и се надевам дека и во 2025 година Домот ќе се развива и ќе се унапредува квалитетот на услугите“, изјави директорот на Домот, Дејан Стојановски.

Со ова хумано дело, Командата на СЕЕБРИГ уште еднаш покажа дека е подготвена да им помогне на институциите во локалната заедница, онаму каде е најпотребно, во рамките на своите можности. Домот „Зафир Сајо“, велат надлежните, настојува да обезбеди соодветни услови за своите корисници, за тие да можат згрижено да ги поминат своите денови, а нивните блиски да бидат сигурни дека  тие добиваат грижа за достојна старост и исполнет живот во третото доба.

Кумановската јавност веќе е запознаена со поддршката на припадниците на Командата, која во неколку наврати донираше за болницата, тогаш кога беше најпотребно, за време на пандемијата, потоа за учениците од основни училишта и за општината. Исто така, кумановци и припадниците на СЕЕБРИГ, реализираа и повеќе заеднички акции за пошумување. Куманово ќе остане домаќин на Бригадата до 2026 година.

Александра Максимовска

# Одбележани патронатите на касарните во Петровец и во Прилеп

Во касарните „Народен херој Страшо Пинџур“ во Петровец и „Народен херој Мирче Ацев“ во Прилеп, со полагање на свежо цвеќе беа одбележани патронатите и 82-годишнината од смртта на народните херои Страшо Пинџур и Мирче Ацев.



Во касарната во Петровец свежо цвеќе положија делегации од: Командата за операции, Командата на 1.пешадиска бригада, Командата на воздухопловниот ВИНГ, претставници на Општина Кавадарци и Музејот на град Кавадарци.

Претставникот од Музејот на град Кавадарци одржа историски час, посветен на животот и делото на Страшо Пинџур, потсетувајќи ги присутните на неговиот храбар и слободарски дух.



Во касарната во Прилеп свежо цвеќе положија делегации од: Командата на 1. пешадиска бригада, Артилерискиот баталјон, Општината Прилеп, Општината Битола, Сојузот на борците од Прилеп, внукот на Мирче Ацев и ученици од СОУ „Мирче Ацев“.

Пред присутните во касарната во Прилеп, за животот и делото на народниот херој Мирче Ацев, свое обраќање имаше командантот на Артилерискиот баталјон, потполковник Славчо Кузманоски, кој истакна дека одбележувањето на патронатот ги зацврстува традициите со богатата македонска историја и затоа припадниците на Армијата се должни да ги почитуваат делата и положените животи на сите борци за слободна и независна држава.

Програмата ја збогатија учениците од СОУ „Мирче Ацев“ во Прилеп со свои рецитали и музички точки.

# Посета на одбранбеното аташе на Обединетото Кралство на Првата пешадиска бригада

Во посета на Командата на Првата пешадиска бригада (1.пбр), беше одбранбеното аташе на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија, потполковник Едвард Џон Грин. Одбранбеното аташе беше примен од страна на командантот на 1.пбр, бригаден генерал Дејан Чиплаковски и од заменикот на командантот на 1.пбр, полковник Стеван Наумоски.

Во рамките на посетата, генералот Чиплаковски го запозна аташето со плановите за обука во Бригадата, со подготовката за идните вежби во кои учествуваат единиците од Бригадата, процесот на модернизација на единицата, постигнатите НАТО цели на способности, а беше нагласена и потребата за продолжување на успешната соработка со ВС на ОК во наредниот период.

На крајот на средбата, генералот Чиплаковски се заблагодари за добрата соработка со одбранбеното аташе, која посебно е изразена во делот на обуката и курсевите за припадниците од Првата пешадиска бригада.





# Армиските единици на с



обука во зимски услови

# Оклопно возило „Pit-Bull VX“

Возилото „Pit-Bull VX“ припаѓа во групата на оклопни возила со 4x4 погон на тркалата, а првенствено е наменето за безбеден и брз транспорт и поддршка на безбедносните служби.  При неговото проектирање било планирано ова возило да служи за опремување на полицијата, безбедносните единици за јавен ред и мир и брзи интервенции, антитерористички единици и други безбедносни служби.
Возилото поседува класична конструкција, а за негова основа е преземено подвозјето од камионетот „Ford F-550“ со 4x4 погон на тркалата. На подвозјето е поставено оклопно тело изработено од кален панцирен челик кое овозможува степен на заштита од A9/ B6, а по потреба на клиентот со модифицирање на шасијата, заштитата може и да се зголеми до ниво A11/ B7. Оклопот на возилото и повеќеслојните балистички стакла овозможуваат заштита од пешадиски оружја со калибар 7,62x39 mm, 5,56x45 mm и 7,62x51 mm, а аголната заштита на кровот штити од рачна граната „DM51“ и други фрагменти, додека оклопот на подот овозможува заштита од мини. Со оклоп се заштитени и резервоарите за гориво, акумулаторите,




моторот, издувните цевки од моторот, а зајакната е и амортизацијата. Кабинскиот простор на возилото е монооволуменски, во кој напред за возачот и совозачот се поставени седишта со антиминска заштита, додека преостанатиот дел е транспортниот простор во кој стандардно се сместуваат 8 лица на две седишта на склопување и две бочно поставени клупи. Инаку, доколку се подигнат клупите за седење, ќе се пристапи до мал магацински простор за сместување на различна опрема. Кабинскиот простор е опремен со по две врати од секоја страна и една голема врата со бочно отворање (на лево) на крајот од каросеријата. Секоја од вратите, покрај оклопното стакло поседува и пушкарник за дејство однатре и на бочните страни од транспортниот оддел од секоја страна се вградени по две пушкарници. На кровот од возилото има три отвори со поклопци, од кои еден е поставен централно, а два се поставени на задниот дел од кровот. Централно поставениот отвор поседува поклопец на кој може да има вграден пушкарник, односно кога ќе се отвори поклопецот, може да служи и како штит. Но, како дополнителна опција (кај централниот отвор) се нуди и поставување на отворена борбена купола. Напред на возилото е поставен масивен браник изработен од панцирен челик кој е врзан директно на рамот, со цел зголемување на ударната моќ при пробивање. Од опрема, во возилото се вградува комуникациски систем, сино--црвени светла од сите страни на возилото, внатрешно управувани преварувачки светла, опрема за прва помош, напред е поставен противпожарен апарат, вграден е систем за климаризација и греење, вентилаторски систем за извлекување на дим и друго. Додека како опција може да се вградат разгласни звучници, ротациони светла и сирени, може да се постави чекрек со сајла за извлекување, може да се постави влечна кука, заштитни решетки на прозорците, внатрешни држачи за прицврстување на оружје, надворешно поставени колор-камера и термална камера за набљудување со внатрешно поставен монитор и систем за снимање, дополнителни акумулатори или генератор за струја. Во транспортниот оддел, наместо клупи може да се поставаат високи седишта на склопување и друга опрема.
Возилото се опремува со тубелес-гуми „Michelin XZL335/80R20“ и вметнувања „run flat“ на бандажите, кои овозможуваат возилото да се движи до 48 km/h, кога е дупната гумата. Како погон во возилото се вградува турбо дизел-мотор „TBD 6.7L V8“ со моќност од 300 кс, со автоматска трансмисија со 6 брзини. Благодарение на искуствата стекнати од првичниот сериски произведуван модел „Pit-Bull VX“, развиена е новата генерација на „Pit-Bull VX“ и нејзината пикап-верзија „Pit-Bull VXT“, кои имаат поголема шасија, посилен мотор, подобар оклоп и други подобрувања. Корисници на возилото „Pit-Bull VX“ се голем број безбедносни, полициски и воени служби во светот.

Ивица Дамески




**Објаснување на пресек-сликата**

**Пресек-слика на „Pit-Bull VX“**

**1.** Погон турбо-дизел „TBD 6.7L V8“ со моќност од 300 кс.
**2.** Оклопна шофершајбна со дебелина од 4 см.
**3.** Преварувачко светло.
**4.** Отвор на кровот со поклопец кој има пушкарник.
**5.** Отвор со поклопец.
**6.** Оклопот на вратата го покрива оклопот на шасијата за да нема балистички процеп.
**7.** Оклопно стакло.
**8.** Рачка за држење.
**9.** Праг за стоење на специјалците.
**10.** Рачка за држење.
**11.** Пушкарник на вратата.
**12.** Скали за влез и праг за стоење на специјалците.
**13.** Оклопот на шасијата е малку заоблен, со цел фрлените




гранати и шишиња
со бензин да се истркалаат.

**14.** Масивен браник, изработен од челик, кој е врзан директно на рамот со цел зголемување на ударната моќ при пробивање.

**15.** Седиште за совозачот.

**16.** Пушкарник.

**17.** Клупа.

**18.** Автоматска климатизација.

**19.** Голема врата со широчина 1.09 m, наменета за брз влез/излез.

**20.** Оклопно стакло.

**21.** Пушкарник.

**22.** Транспортен оддел.

**23.** Седиште за возачот.

**24.** За поедноставно користење, управувачките команди се задржани од „Ford F-550“

**25.** Пневматик „Michelin XZL335/80R20“

**26.** Вметнување „Run flat“.



| Тактичко-технички карактеристики на „Pit-Bull VX“ | |
|---|---|
| **Екипаж** | 2+8 |
| **Должина** | 6.07 m |
| **Височина** | 2.54 m |
| **Широчина** | 2.49 m |
| **Раздалеченост на тркалата** | 3.58 m |
| **Клиренс** | 31 sm |
| **Тежина** | 7.530 kg |
| **Максимална тежина** | 8.845 kg |
| **Погон** | Турбо дизел-погон TBD 6.7L V8 со моќност од 300 кс, со автоматска трансмисија со 6 брзини |
| **Брзина на движење** | 100 km/h |
| **Автономија на движење** | 350 km |

# Борбен авион „TAI Kaan“




Изминатиов период Турција увезуваше борбени авиони од Советскиот Сојуз, Русија и САД. Поради таа зависност од другите земји и од условите поврзани со купување технологија за оружје, Турција работи на понатамошен развој на сопствен стелт-ловец. Ова е голем предизвик за земја која нема историја за развој на воздухопловството.

Турската воздушна индустрија (Turkish Aerospace Industries – TAI) е главниот учесник во производство на ловец од петтата генерација. До денес само три земји успешно изведоа таков авион: САД, Кина и Русија. Доколку Турција успее, тие ќе се приклучат на елитен клуб на лидери во авијацијата. Турција беше дел од програмата за авиони „Lockheed Martin F-35 Lightning II“, а турските фирми произведуваа делови за овој авион. Во 2019 г. САД го суспендираа учеството на Турција поради купувањето на руските системи за противвоздушна одбрана „S-400“. Планот за замена на познатата платформа „F-16 Fighting Falcon“ во турските воздухопловни сили започнува со проектот „TAI Kaan“.Авионот е познат и под името „TF Turkish Fighter“, а порано бил познат како „TF-X“. Станува збор за национален борбен авион од петтата генерација, повеќенаменски, за постигнување воздушна супериорност и превласт во воздушниот простор, за копнен напад и извидување, со стелт технологија и за употреба во сите временски услови. Авионот го имаат дизајнирано и развиено Турската воздушна индустрија TAI и најголемиот одбранбен изведувач на европскиот континент, британскиот „BAE Systems“ (во овој случај подизведувач). Се планира национална употреба на авионот, како и негова продажба на трети земји.

Во текот на 2021 г., турските воздухопловни сили ја направиле првата официјална презентација за програмата „TF-X“ пред јавноста. Во презентација за печатот, турските воздухопловни сили ги објавиле барањата за минимални способности на „TF-X“, карактеристики поврзани со петтата генерација борбени авиони: подобрена аеродинамика и погон, брзина, оптимизиран борбен радиус, напредни и внатрешни мултиспектрални сензори, ниска забележливост, фузија на сензорите и автономија, подобрени способности за поврзување со податоци за војување овозможено преку мрежа, како и оружје со висока прецизност.На 15 декември 2010 г., турскиот Извршен комитет за одбранбена индустрија одлучил да дизајнира, да развие и да произведе национален ловец со воздушна супериорност од следната генерација кој ќе ја замени турската флота на авиони од типот „General Dynamics F-16 Fighting Falcon“. Во 2011 г. турскиот Потсекретаријат за одбранбени индустрии, познат и како Агенција за одбранбена индустрија (агенција за набавки за турските вооружени сили), потпиша договор со Турската воздушна индустрија за концептуален развој на основните способности за влез и развој на борбениот авион, со многу важна студија за цената на чинење на ловецот, притоа истражувајќи кои механички и електронски системи ќе бидат употребени и вклучени, со поширока перспектива на можностите и предизвиците во воената авијација. Финансирањето било доделено за 2-годишен период на концептуален дизајн, која била изведе-



на од Турската воздушна индустрија. Фазата на идејно проектирање требала да биде завршена кон крајот на 2013 г., а извештајот бил доставен до премиерот за одобрување на буџетот и рамката за развојната фаза. Проектот бил опишан како „исклучително амбициозен“. Клучната придобивка од американската програма „Lockheed Martin F-35“ е тоа што вклучува 17 сојузнички земји кои ќе го поделат товарот во развој на овој авион, кој како воздухоплов од петтата генерација предизвикува огромни трошоци за изградба и одржување (една од главните пречки за супериорниот „Lockheed Martin F-22“ беше тоа што американските воздухопловни сили одбија да ги поделат трошоците со сојузничките земји). Пред да се одлучи за варијантата и дизајнот на овој авион, во тек биле планови и предлози за партнерство со шведската компанија „Saab“. Интензивни состаноци биле одржани во текот на 2013 г., по инструкции на премиерот на Турција, со потпишување првичен договор за помош во технолошкиот дизајн. Овој план бил напуштен со објава дека програмата „TF-X“ ќе биде целосно независна домашна платформа. Во игра била и руската државна одбранбена компанија „Rostec“, со изразена подготвеност да се приклучи на програмата Т„F-X“, со цел да обезбеди технологија за моторот. Во 2015 г., Турската воздушна индустрија објавила три потенцијални конфигурации кои биле предмет на анализа и понатамошно одлучување: конфигурација FX-1 со два мотори слична на „Lockheed Martin F-22“, конфигурација  FX-5 со еден мотор како што е „General Dynamics F-16“ и третата конфигурација FX-6 со еден мотор и со висока маневрибилност слична на „Saab JAS 39 Gripen“. Турското високо раководство и политиката се одлучиле да продолжат со варијантата „TF-X“, ловец со два мотори. Потсекретаријатот за одбранбена индустрија го објавил својот извештај за перформансите каде што било откриено дека конечната одлука е да се продолжи со конфигурацијата на двоен мотор „FX-1“. Следниот чекор во текот на истата г. било доставување официјално барање за информации до турските компании кои имаа способност „да извршат оригинални активности за дизајн, развој и производство на првиот турски борбен авион што ќе одговори на турските вооружени сили“. Ова барање за авион од следната генерација го сигнализирало официјалниот почеток на програмата од турскиот потсекретаријат за одбранбени индустрии. Договорот за дизајн и развој на ловецот бил потпишан помеѓу Министерството за национална одбрана на Турција и Турската воздушна индустрија на 5 август 2016 г., со првично доделување сума од 1.18 милијарди долари, за стекнување на потребните технологии и инфраструктура за дизајнирање, тестирање и сертификација на авионите. Во истиот период било објавено и барањето за понуди за мотор на авионот, а овде се вклучиле компаниите „General Electric,“ „Eurojet“ и „Snecma“. Во рамките на ова барање условот бил моторната инфраструктура да се развива во Турција со домашно производството. Договор за соработка помеѓу TAI и „BAE Systems“ започнал откако  турскиот потсекретаријат за одбранбена индустрија објавил дека ја избрал компанијата „BAE Systems“ од Обединетото Кралство за да помогне во дизајнирањето на следната генерација национален авион за воздушна супериорност. Компанијата „Rolls-Royce“ понудила трансфер на технологија за моторот и заеднички развој на дериват за програмата „TF-X“. Вредноста на договорот била околу 100 милиони фунти, а компанијата „BAE Systems“ требала да обезбеди инженерска помош во развој на авионот. Првиот прототип на турскиот ловец „TAI TF Kaan“ го направил својот втор пробен лет на 6 мај 2024 г.. Според секретарот на турската одбранбена индустрија, пробниот лет поминал добро. Тој изјавил: „Нашиот национален борбен авион, кој успешно го изврши својот прв лет на 21 февруари, полета од пистата во 08:46 утринава, остана во воздух 14 минути и достигна височина од 10.000 стапки“.



Постапките продолжуваат со локалните и националните технологии со сигурни чекори кон масовно производство. Авионот е опремен со напредна авионика, вклучувајќи и систем „fly-by-wire“, активен електронски радар и пакет за електронско војување. Авионот може да носи различни оружја, вклучувајќи проектили „воздух-воздух“, „воздух-земја“ и наведувани бомби. Во таа насока, првиот и вториот тест-лет биле главната пресвртници пред полната оперативност на „TAI TF Kaan“, за да може застарената флота на турските „F-16 Fighting Falcon“ да се повлече од понатамошна употреба и да биде заменета.

Драган Павловски



# „Humvee 2-CT“, мобилна платформа за одржување

„Humvee 2-CT Shop Equipment Contact Maintenance3“ „(Humvee 2-CT SECM“) е мобилна платформа за одржување од следната генерација, развиена од компанијата „AM General“, производител на лесни тактички возила од САД.

Возилото „Humvee 2-CT Shop Equipment Contact Maintenance“ („Humvee 2-CT SECM“) нуди висок капацитет за искачување и е опремено со гуми 37 x 12,5R-16,5“. Возилото нуди мобилни услуги за одржување и поправка на борбената, на тактичката и на опремата за копнена поддршка, на воздухопловната опрема и во маневарските единици и во единиците за поддршка. Возилото го олеснува одржувањето на првата линија со тоа што овозможува поправки на опремата и на компонентите на лице-место, обезбедувајќи брза подготвеност на клучните борбени системи за прераспоредување. Способноста на возилото брзо да ги врати главните борбени системи на акција ја подобрува оперативната агилност и ја зајакнува подготвеноста на силите. Возилото „Humvee 2-CT SECM“ го имаше своето деби на Годишниот состанок и на Изложбата на Здружението на Армијата на САД во октомври 2023 година.

## Дизајн и карактеристики на возилото „Humvee 2-CT SECM“

Возилото Humvee 2-CT SECM тежи 5488 кг во сите конфигурации за САД и 6123 кг во сите конфигурации за меѓународни верзии. Неговата воена ознака во САД е HMMWV NG-SECM. Ова возило обезбедува седење за двајца војници и е дизајнирано со агресивни агли на пристап, поаѓање и пробивање на рампата. Возилото нуди висок капацитет за качување и е опремено со гуми 37 x 12,5R-16,5. Се одликува со интегрирано пробивање на вода и, кога е опремено со соодветен комплет, ја зголемува неговата способност. Клучните карактеристики вклучуваат енергија која може да се извезува од системот за напојување на возилото, НАТО приклучен кабел, вграден инвертер и комерцијална опрема и работни алати.

## Перформанси и погон

Возилото „Humvee 2-CT SECM“ е опремено со V8, 6.5 L турбо дизел-мотор кој испорачува 190 КС (142 kW) при 3.400 вртежи во минута и 380 lb-ft вртежен момент при 1.700 вртежи во минута. Има капацитет за гориво од 95 литри. Се одликува автоматски менувач со четири степени на пренос и двостепена преносна кутија. Кутијата за пренос има висок соднос на менувачот 1:1 и низок




соодност од 2,72:1. Исто така, возилото е опремено и е со хипоидни предни и задни диференцијали со соодност 3,08:1. Возилото има и двоен напонски систем со конфигурации од 14V и 28V. Во САД, возилото „Humvee 2-CT SECM“ има носивост од 2315 кг за основното возило, 2267 кг со „A-Kit“ и 1515 кг со инсталирани „A-“ и „B-Kits“. Меѓународната верзија на основното возило „Humvee 2-CT SECM“ има носивост од 3140 кг, 2821 кг со „A-Kit“ и 2068 кг со инсталирани „A“ и „B-Kit“.

## Инсталирана опрема

Засолништето на возилото вклучува опрема за сервисирање на батерии, факели за сечење, менување азот, сервис за ладење и полнење, како и електрични дупчалки, брусилки, пневматски алати, ударен клуч од 24 V и приклучоци, чекани, бушилици и длета.

Дополнително, возилото вклучува и механички извлекувачи, воздушна вреќа за подигнување, клешти, шрафцигери, клучеви, чекани, комплет за монтирање од месинг, комплети за славина и опрема за приземјување.

## Детали за производството на возилото „Humvee 2-CT SECM“

Компанијата „AM General“, во партнерство со „Rock Island Arsenal“, леарница на Армијата на САД, обезбедува квалитет и конзистентност во производниот процес на возилото „Humvee 2-CT SECM“. Ова се постигнува со примена на неговиот систем за управување со квалитет низ целото претпријатие, опфаќајќи ги набавувачите на производни делови, производството на шасии и засолништа и интегрираното тестирање на возила.

Производството на „Humvee 2-CT SECM“ започна во 2023 година, а возилата ќе се употребуваат во Армијата на САД и во други земји-партнери на САД.

Идриз Идризоски






# „Messerschmitt Me 264"

Сојузничката одбранбена индустриска моќ за време на Втората светска војна била толку моќна што производството на воена техологија ги надминувало капацитетите на силите на Оската дури за 20 пати. Логично, за оваа статистика најмногу била заслужна економијата и работниот потенцијал на САД кој, пак, бил лоциран на северноамериканскиот контитент, далеку од опасноста предизвикана од војната.

За време на војната германските бомбардери немилосрдно изведувале бомбардерски операции врз градовите во Велика Британија. Нивното дејство врз територијата на тогашната СССР било без ограничување, од аспект на избор на конкретни цели од стратешко или тактичко значење. Но, корот на сојузничката моќ, кој лежел во индустријата предводена од фабриките лоцирани во САД, останал недопрен. Тоа, всушност, овозможило огромно количество на борбена опрема, материјал, оружје, возила, тенкови и авиони да бидат произведени без никаква опасност од непријателски удар врз производствениот капацитет и инфраструктурата. Германските воени експерти и политичари биле свесни за потенцијалот на САД уште пред почетокот на Втората светска војна. Тие се впуштиле кон подготвување на иницијативи кои, пак, се стремеле кон изнаоѓање начини за удар врз индустрискиот потенцијал на САД. Некои од тие иницијативи вклучувале и инфлитрација на шпиони и на припадници на германските специјални сили, со цел да извршуваат саботажа и да создаваат пречки и штети во нормалното функционирање на американскиот граѓанин. Целта била да се влијае врз моралот, но и на секаков можен начин да се повреди и да се попречи работната сила на САД. Додека постоеле случаи за идентификација на операции од страна на германски шпиони во САД, инфилтрирани со германските У-бродови кои пловеле незабележано преку Атлантскиот Океан, германското политичко и воено раководство, исто така ковало план за развој на воздухоплов кој можел да изведува бомбардирачки оперативни дејства на цели лоцирани во САД. Како еден од концептуалните нацрти за таков авион бил и авионот „Messerschmitt Me 264"

**Дизајн**

Иако дизајнот на бомбардер кој ќе биде способен за оперативни дејности врз цели лоцирани во САД бил започнат пред почетокот на Втората светска војна,

се сметало дека тоа и не е толку итно, бидејќи тогашната политичка ситуација не влевала индикации дека САД ќе се вклчат во каква било воена интервеција во Европа. Но, четири дена по настаните во Перл Харбор, кога Јапонија со брз и одлучен поморско-воздухопловен напад и нанела огромна штета на Пацифичката морнарица на САД, Германија и објавила војна на САД. Ова, воедно, значело и интензивирање на потребата на германски бомбардер, способен да нанесува удари врз цели лоцирани во САД. Па, така, пролетта 1942 година, Министерството за воено воздухопловство на Германија ја започнало програмата за таканаречеиот „Америка-бомбардер“. Програмата повикувала на бомбардер со технички карактеристики составени од шест мотори, голем капацитет на носивост на бомби и логично, огромен оперативен опсег. Биле преземени неколку иницијативи со авионите „Јункерс Ју-390“, „Фоке Вулф Та-400“, „Хејнкел Хе-277“, меѓу кои бил и ширококрилниот „Месаршмит Ме-264“. Имено, потребата од шест мотори се должела на неспособноста на германските аеромоторни инженери да развијат доволно моќен мотор, односно мотор способен за развивање на моќ поголема од 1500 коњски сили, бидејќи само така концептот за бомбардер кој е способен за оперативна дејност врз цели



лоцирани во САД би бил придвижуван од четири мотори, а не од шест. Иако постоел одреден прогрес за развој на таков мотор, резултатот најчесто бил мотор кој не бил постојан и сигурен во својата работа, но бил доволен за концептуално размислување и тестирање. Имено, концептот на „Америка-бомбардер“, односно концептот на „Ме-264“ бил иновативен. Концептот подразбирал четиримоторен или шестморотен воздухоплов, создаден од целосно метална конструкција. Пилотската кабина била лоцирана во најпредниот дел од трупот, односно целосно го зафаќала носот на авионот во плексигласна конструкција во која била сместена пилотската посада. Овој дизајн наликувал на пилотската кабина на познатиот американски бомбардер „Б-29“. Авионот, исто така, бил дизајниран со многу широки крила и иновативен нападен раб



| Главни карактеристики на „Messerschmitt Me 264” | |
|---|---|
| **Посада** | 8 |
| **Должина** | 20,89 метри |
| **Распон на крилата** | 43 метри |
| **Висина** | 4.2 метри |
| **Мотор** | Четири „ѕвезда“ мотори „БМВ-801Г“ со 14 цилиндри, воздушно ладени, способни да развијат по 1700 коњски сили |
| **Максимална брзина** | 546 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 15000 километри |
| **Вооружување** | Четири митралези „МГ-131“ со калибар од 13 милиметри и два топа „МГ-151“ со калибар од 20 милиметри.<br>Способност за носивост на 3000 килограми на бомби при изведување на оперативни дејности на релации до 14.400 километри и 6000 килограми на бомби при изведување на оперативни дејности на релации до 8600 километри. |

на крилата под кос агол. За тоа време не било вообичаено, особено за голем воздухоплов-бомбардер да биде со таква дизајнерска конструкција. Опашката на авионот се карактеризирала со два вертикални стабилизатори, додека тркалата биле со голем дијаметар со цел да овозможат цврстина, удобност и стабилност за мошне големата конструкција на авионот. Конфигурацијата на вооружување била замислена во облик на автоматизирани куполи во кои биле сместени митралези и конвенционално сместени митралези на страните од трупот на авионот. Концептот на воздухопловот подразбирал авионот да биде придвижуван од четири мотори „Јункерс Јумо 211“ со по 12 цилиндри. Но, набргу се дошло до заклучок дека овие мотори не се соодветни на дизајнерската конструкција. Тие биле со недоволна и несоодветна моќ, па така моторите биле заменети со четири мотори „БМВ 801Г“, способни да развијат по 1250 коњски сили. Воздухопловот бил конструриран со многу малку дополнителни оклопни плочи за заштита од непријателскиот оган кон посадата, со цел да се намали тежината и да се добие простор за дополнителни резервоари за гориво кои биле неопходни за стекнување на потребниот оперативен опсег на САД. Германските дизајнери размислувале и многу подолгорочно од потребното. Имено, тие дизајнирале и интегрирани кревети во трупот на авионот кои им овозможувале одмор на членовите на посадата после големиот напор предизвикан од долгиот лет. Исто така, авионот имал и мала кујна која овозможувала подготовка на топли оброци за посадата. Иако бил замислен и оригинално дизајниран за потребите на концептот „Америка-бомбардер“, „Ме-264“, исто така бил дизајниран и за потребите на германската морнарица. Тој бил замислен како одлична замена за застарениот „Фоке вулф 200 кондор“, кој ќе има улога на долг извидувач за потребите на германската морнарица. Како замисла и концепт, авионот бил пред своето време. Но, со појавата на прототипот, било утврдено дека практичната употреба на авионот била несоодветна и проблематична од неколку причини. Крилата на авионот биле подложни на големо оптоварување што давало слаби резултати при искачување на авионот на потребната висина за нормална оперативна способност, драстично намалување на маневарските способности и висока брзина при полетување и слетување, кога авионот немал инсталирано вооружување или дополнителни оклопни плочи за заштита на посадата од непријателски оган. Иновативниот дизајн на нападниот раб на крилата функционирал одлично, но несоодветниот дизајн на моторот кој требало да ги задоволи потребите на големата конструкција на авионот бил еден од клучните проблеми. Брзиот напредок на сојузниците на воеността поле во Европа и интензивните бомбардерски кампањи против германската одбранбена индустрија предизвикале крај на концептот. Сите четири прототипови биле уништени при тестирањето во фабрика од страна на сојузничките бомбардери. Концептот и дизајнот на авионот бил пред своето време, односно тој бил користен како пример за развивање бомбардери од страна на сојузниците во 1950-тите години.




Димитар Даневски



# „Томахавка“ Историски симбол кој сè уште ја нема изгубено важноста

Орудието „томахавка“ потекнува од домородните американски култури во Северна Америка. Најпрвин служела како алатка за лов, сечкање или за обработка на различни материјали. Изработени со камени глави, раните „томахавки“ биле суштински за опстанок, отелотворувајќи ја снаодливоста и умешноста за изработка на домородните народи. Приказната за „томахавката“ ги спојува културната историја, инвентивната изработка и симболичното значење. Преку нејзиното потекло, еволуција, структура и разновидните намени, сведоци сме на извонредната еластичност, иновативност и адаптивниот дух на човечката цивилизација. „Томахавката“ била сенаменско средство што ја користеле домородните американски племиња, и имала едноставен, но ефикасен дизајн, составена од камена глава безбедно прицврстена на дрвена рачка со помош на ленти од сурова кожа. Оваа разновидна алатка нашла примена во многу активности, вклучувајќи лов, изработка и блиска борба.

> За „томахавката“ може да се каже дека претставува историски симбол со богато наследство и со значително влијание врз развојот на голем број алатки и оружја низ времето.

Како што еволуирале луѓето, се покажало дека секирите се одлични алатки и моќни оружја. Кога дошло железното време, природно било луѓето да прават секири со метални глави и цврсти дрвени рачки. Тоа биле одлични земјоделски алатки, секачи за дрво и оружје. Како оружје биле користени од многу воини, бидејќи добар меч можел да чини многу. Секирата, пак, била алатка која секојдневно ја користеле на нивните фарми. Тие можеле да ја наострат својата секира, да ја пикнат во појасот и да бидат подготвени за борба. Всушност, малата секира била популарна како оружје во многу делови на Европа токму поради оваа причина. Иако формата на модерните „томахавки“ може да се следи до алатките од камено доба, Индијанците се тие што ги направиле познати и ги дале корените на зборот „томахавка“, која на повеќе американски племенски јазици значи секира. Пред појавата на Европејците во Северна Америка, локалните Индијанци Алгонкин најразновидните оружја за сечкање и удирање ги нарекувале „томахавки“. Кога европските истражувачи и доселеници пристигнале во Америка, тие се сретнале со „томахавката“ и ја препознале нејзината сенаменска употреба. Инспирирани од нејзиниот дизајн, тие ги адаптирале своите секири за да одговараат на нивните потреби, заменувајќи ги камените глави со метални. Вештината на ковање не им била позната на Индијанците, па затоа тие менувале крзна и други вредни добра за секири со „бледоликите“. Во исто време ковачите од Европа произведува-

ле сѐ пософистицирани примероци на „томахавки“.Во тоа време имало дури и специјални „томахавки“, наречени дипломатски. Тие биле богато украсувани и имале уметничко гравирање на сечилото. Таквите „томахавки“ им биле претставувани на индијанските водачи како подароци за миролубиви намери. „Томахавката“ станала симбол на трговијата, дипломатијата и конфликтот за време на колонијалната ера, оставајќи неизбришлив отпечаток во историјата на раното европско населување на Америка.



Индијанците за многу краток временски период успеале да ја претворат „томахавката“ во навистина застрашувачко оружје, кое ефикасно се користело во блиска борба или за фрлање кое не било толку вообичаено. „Томахавките“ биле користени од Индијанците кои биле во американската армија, а таа била оружје за блиска борба и на војниците на американската армија кои учествувале во Војната за независност и во Граѓанската војна од 1861 до 1865 година. Подоцна борбените „томахавки“ можеле да се најдат и на маргините на Првата светска војна. После Првата светска војна „томахавките“ биле заборавени долго време, откривајќи дека тие се застарени и претворени во бескорисно оружје и не се користеле кај армијата.

„Томахавката“ останала во заборав сѐ додека извесен Питер Лагана, кој бил вистински потомок на Индијанците Мохави, не го убедил светот во спротивното. Поранешен маринец кој учествувал во Втората светска војна, по завршување на војната, ги предавал основите на блиска борба „гради в гради“. Во исто време, освен што се борел без оружје, предавал и работел со „томахавка“. Информациите за таква необична обука стигнала до неговите повисоки претпоставени и во зимата во 1965 година, тој бил повикан во Пентагон за да го покаже потенцијалот на ова оружје. И покрај успешната демонстрација, борбата со „томахавка“ не била вклучена во официјалната програма за обука на американската војска. Сепак, Питер Лагана својата идеја за армиска „томахавка“ ја реализирал неколку месеци подоцна, кога направил своја „томахавка“, која се одликувала со посебна форма, што значително ги зголемила можностите на тоа оружје. Сечилото на „томахавката“ на задниот дел имала зашилена форма и можела да пробие лесен оклоп или шлем од кевлар. Поради тежината и големата продорна способност, „томахавката“ можела да нанесе сериозна штета, дури и ако ударот бил зададен од лактот, без да се вложи во целата тежина на ударот. Била погодна за употреба во тесни патеки и во густи грмушки, каде војниците едноставно го немале потребниот простор за силен замав. Интересно било тоа што пет од седумте рабови на остриот дел на „томахавката“ на Лагана биле заострени, така што со ударот што ќе го зададе оружјето долж која било траекторија, би довела до повреда на непријателот. Сепак, највпечатливо нешто во „томахавката“ на Лагана била нејзината избалансираност, што му овозможувало на речиси секое лице успешно да фрла „томахавка“, дури и без специјална обука и бројни тренинзи.



Неговата томахавка се покажала толку успешна што побарувачката ја надминала понудата за стотици пати. Поради таа причина, тој, во 1966 година основал сопствена компанија, „American Tomahawk Company“, која на 16 април истата година го произвела првиот производствен модел на „томахавка“. После тоа, Лагана им понудил „томахавка“ со сопствен дизајн на маринците. На 3 октомври 1966 година во воената база во Квантико (Вирџинија), ја извршил најреалната демонстрација на борбените способности на подобрената „томахавка“ што некогаш била одржана во Армијата на САД. По завршувањето на тестовите, сите 18 претставници на Маринскиот корпус од комисијата купиле „томахавки“ и за себе. Сепак, одговорот од командата на американскиот марински корпус во врска со усвојувањето на „томахавката во употреба бил негативен. Сепак, благодарение на напорите на офицерите“ кои биле дел од комисијата, на војниците им било дозволено самостојно да купуваат томахавки како приватна иницијатива и да ги носат како оружје. Од повеќе од четири илјади томахавки произведени од американската компанија „Томахавка“, до нејзиното затворање во 1970 година, борците на Маринскиот корпус кои учествувале во Виетнамската војна набавиле 3820 парчиња. Поради овој факт, прекарот „виетнамска томахавка“ дури бил доделен и на „томахавката“ на Лагана. Во Виетнам, во периодот од 1966 до 1975 година, овие „томахавки“ успеале да стекнат слава како незаменливо оружје за војниците.

За жал, по Виетнамската војна, „тома-



хавката“ повторно била заборавена. Повторно се сетиле на неа за време на операцијата „Пустинска бура“, кога американските војници имале потешкотии да навлезат во различни простории, па морале да ги кршат вратите со помош на импровизирани средства или дури и да ги креват во воздух. Вистинското повторно раѓање на „томахавката“ започнало по 2000 година. Овојпат била сфатена сериозно, првично сметајќи ја како елемент на борбената опрема. Компанијата „American Tomahawk“ повторно започнала со работа, откако претходно ја добила поддршката од веќе остаренот Питер Лагана. Започнува масовно производство на „Vietnamese tomahawk“ – VTAC. Популарноста на оваа борбена „томахавка“ повторно ги надминала сите очекувања. Во исто време, биле направени значителни промени во дизајнот на модерната „томахавка“, односно таа се произведувала во две верзии. Првата се однесувала на „томахавка“ со рачка од полимерни материјали. Таквата рачка значително ја намалува тежината на секирата, а самата секира се произведувала од челик за алат. Втората „томахавка“ била со цврст дизајн, каде секирата и рачката биле направени од едно парче метал. Првата верзија на борбената „томахавка“ била помобилна, бидејќи овозможувала лесна и брза замена на едно сечило со друго, на пример, со изменета форма на сечилото, а исто така била и идеална за блиска борба, поради нејзината мала тежина. Втората верзија на борбената томахавка обезбедувала висока структурна сила, и таквата била посоодветна за тешка работа, на пример, за пробивање на барикади или отворање врати. Почнувајќи од 2003 година, „томахавките“ биле вклучени во таканаречениот сет на алатки за модуларен влез (комплет алатки за модуларна пенетрација), кој бил вклучен во комплетот опрема на која било единица на специјалните сили на американската армија. Покрај тоа, „томахавките“ биле вклучени во опремата на некои дивизии на американската пешадија и кај 75. полк на „Ренџерите“. Што, всушност, открила војската кај томахавката? Прво, тие ја ценат нејзината разновидност. „Томахавката“ е погодна за извршување на широк опсег на работни задачи, а понекогаш го надминува и стандардниот бајонет/нож, особено во ситуации кога е невозможно или непожелно да се пука од пиштол или пушка под никакви околности.

Историјата на „томахавката“ е испреплетена со приказните за домородните народи, европските истражувачи, доселениците и воините. Од своето скромно потекло како индијанско средство до нејзиното трајно значење во војувањето, „томахавката“ несомнено остави неизбришлив белег во историјата. Таа има и симболично значење, бидејќи станала церемонијален предмет и моќен културен симбол, кој претставува чест, наследство и идентитет. Томахавката одиграла клучна улога во различни конфликти низ историјата. Домородните американски племиња, европските војски, а подоцна и американските војници, ја користеле „томахавката“ и како оружје и како симбол на авторитетот. Позната по својата ефикасност во блиска борба, „томахавката“ станала синоним за храброст и тактичка моќ на бојното поле. Денес „томахавката“ не е оружје кое е погодно за секој војник, но како алтернативна алатка, долго време нема да има конкуренти. Може да се претпостави дека „томахавката“ за време на војна е архаизам, но доволно е да се потсетите дека ножевите и куршумите, самострелите и нуклеарните боеви глави сè уште егзистираат во современите војски на светот. Затоа, добата на „томахавката“ сè уште не е завршена, а нејзините способности сè уште се на високо ниво, дури и според денешните стандарди.

Александар Стојчевски






# Употреба на радиоуредот „RF-7800V-HH“ во тактички единици

Во динамичните и предизвикувачки услови на борбените операции, сигурната и брза комуникација разликува успех од неуспех. Радиоуредот „RF-7800V-HH“, дизајниран за тактички единици, ја менува играта со својата иновација и приспособливост.
Овој уред е повеќе од обично средство за комуникација – тој е столбот на координацијата, безбедноста и ефективноста на теренот. Со фреквентен опсег од 30 MHz до 108 MHz и поддршка за AES-256 криптирање, „RF-7800V-HH“ обезбедува постојан пренос на информации, дури и во услови на електронска војна. Неговата технологија за фреквентно потскокнување го спречува пресретнувањето на сигналот, додека преносот на податоци до 192 Kbps отвора нови можности за тактичка комуникација.
„RF-7800V-HH“ особено е поволен за теренски операции, благодарение на својата компактна и издржлива конструкција. Со тежина од само 1,15 килограми и автономност до 14 часа, уредот е така дизајниран што може лесно да се носи и да функционира во екстремни услови. Неговата отпорност на вода и прашина (IP67) и исполнување на воените стандарди MIL-STD-810G, дополнително го потврдуваат неговото лидерство на пазарот.
Она што го прави „RF-7800V-HH“ клучен елемент за тактичките единици е неговата компатибилност со други комуникациски системи. Ова овозможува интеграција со повеќе нивоа на мрежи – од пешадијата до воздушната поддршка. Воедно, неговата брза приспособливост на променливи борбени ситуации овозможува навремена реакција и точни одлуки.

**Важноста на радиокомуникацијата**

Радиоуредите како „RF-7800V-HH“ се есенцијални за брза реакција при ненадејни ситуации, за прецизно координирање на сложени операции и за заштита на персоналот. Без нив, ризикот од губење на координација и безбедност значително се зголемува.
Научната заедница и воените професионалци имаат причина да го прифатат „RF-7800V-HH“ како значаен чекор кон подобрување на тактичките способности. Како што современите воени операции стануваат сѐ покомплексни, потребата за уреди како RF-7800V-HH ќе продолжи да расте.
Тактичко-техничките карактеристики на радиоуредот „RF-7800V-HH“Табелата бр.1 ги опфаќа клучните тактичко-технички карактеристики на уредот „RF-7800V-HH“, кои ја дефинираат неговата употребливост и функционалност во различни услови, особено при воени операции.

**Иновации кои го дефинираат радиоуредот „RF-7800V-HH“**

Иновации кои го дефинираат радиоуредот „RF-7800V-HH“ :

1. **Сигурна и брза комуникација.** Со фреквентно потскокнување (Frequency Hopping) и AES-256 криптирање, „RF-7800V-HH“ гарантира заштита од електронска војна и пресретнување на сигналите. Во борбени операции, ова е клучно за зачувување на тактичките предности и за заштита на чувствителните информации.

2. **Мултифункционалност.** Уредот поддржува пренос на податоци до 192 Kbps, што овозможува споделување на геолокации, тактички мапи и разузнавачки информации во реално време. Оваа способност значително го зголемува ситуационото информирање на терен.

3. **Издржливост.** Радиоуредот е изработен според највисоките воени стандарди (MIL-STD-810G) и со IP67-заштита. Уредот е отпорен на влага, на прашина и на физички удари. Работната температура од -40°C до +55°C овозможува работа во екстремни климатски услови.

4. **Лесно се користи.** Со тежина од само 1.15 кг и батериска автономност од 14 часа, „RF-7800V-HH“ е мошне лесен за транспорт и за работа на терен. Ова го прави совршен за динамични и долготрајни мисии.

5. **Компатибилност.** „RF-7800V-HH“ се интегрира со различни комуникациски системи, овозможувајќи координација помеѓу повеќе родови на армијата и поддршка на цивилни комуникациски мрежи.

**Значењето на „RF-7800V-HH“ за тактичките единици**

Овој уред не е само комуникациско средство – тој е клучен фактор за успехот на мисиите. Со неговата употреба тактичките единици можат да реагираат брзо на променливите услови на бојното поле, да ја зголемат безбедноста на персоналот преку стабилна и заштитена комуникација, да ја подобрат ситуационата свест и координацијата со другите елементи на армијата и да разменуваат критични информации во реално време, без прекин.
„RF-7800V-HH“ е доказ дека напредната технологија може значително да го подобри изведувањето на тактичките операции. Овој радиоуред претставува темел на модерната тактичка комуникација, обезбедувајќи сигурност и ефикасност и во најсложени воени ситуации.

м-р Реџеп Мустафовски

**ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УРЕДОТ „RF-7800V-HH“**

| Карактеристики | Опис |
|---|---|
| Фреквенциски опсег | 30 MHz - 108 MHz |
| Излезна моќност | 10 W (вати) |
| Фреквентно потскокнување | Поддржано |
| Криптирање на комуникацијата | AES-256 |
| Пренос на податоци | Брзина до 192 Kbps |
| Режими на работа | Гласовна комуникација, пренос на податоци |
| Дијаметар на опсегот на комуникацијата | До 10 км (во зависност од теренот и условите) |
| „Интерфејси“ за поврзување | USB, Ethernet, аудиоприклучок |
| Тежина | 1.15 кг со батерија |
| Работна температура | Од -40°C до +55°C |
| Отпорност на удари и вибрации | MIL-STD-810G (стандардни воени тестови за отпорност) |
| Заштита од вода и од прашина | IP67 (отпорност на вода до 1 метар длабочина) |
| Рок на траење на батеријата | До 14 часа на постојана употреба |
| Брзина на префрлување меѓу фреквенции | <10 ms (милисекунди) |
| Канализација | 100 програмски канали |
| Димензии (висина x ширина x дебелина) | 240 мм x 75 мм x 50 мм |




# Едрилица „Жерав“ („Ждрал“)

Во светот, но и кај нас, отсекогаш постоела идејата за создавање на соодветна едрилица со две седишта, со цел да се реализира практична основна обука на пилоти на поедноставен, побрз и посигурен начин. Карактеристиките на ваквите двоседни едрилици овозможувале поискусните пилоти или наставници да можат да летаат со кандидатите на обука и притоа да имаат можност за директно корегирање на нивните почетнички грешки.Оттука, значајно е да се каже дека најсилниот развој на планерите и едрилиците во тој период, на европскиот простор, била Германија. Несомнено, една од причините за тоа било и светското ембарго врз развојот и продажбата на германски авиони.

Во текот на 1935 година конструкторот Ханса Јакобс го промовирал проектот за едрилица под името „Жерав“ (герм. „Kranich“), која имала две тандем-седишта, едно зад друго, со синхронизирано поврзани команди за летање и дводелна прегледна затворена кабина. Оваа едрилица била наменета за основна и за напредна обука на едриличари, за летање при основни акробации, како и за постигнување високи спортски резултати. Едрилицата била произведена во халите на германската фирма „Hans Jacobs, DFS“. Името го добила според прочуените големи птици жерави, познати по нивната издржливост и можноста брзо и лесно да летнат во воздух и да остварат долготрајни летови низ различни географски предели. Со таквата проектирана едрилица, во периодот меѓу двете светски војни, биле постигнати многу рекорди, од кои е најзначаен летот од 1938 г., чие времетраење изнесувало 50 часови и 15 минути.

Кон крајот на Втората светска војна, од страна на Народноослободителната војска на тогашната југословенска држава, биле запленети два примероци од оваа едрилица. После настапувањето на светскиот и европски мир, тогашна Југославија, покрај двете запленети едрилици, ги има добиено и оригиналните планови за едрилицата и согласност да може и да ја произведува во сопствени фабрики. Така, во текот на 1948 г., во претпријатието „Утва“ во Србија започнало производството на серија од десет такви едрилици. Подоцна, истата едрилица почнала да ја произведува и словенечката фабрика „Летов“. Таму, според постоечката евиденција, се произведени уште 17 сериски примероци. Со оваа бројка на произведени едрилици од овој тип се овозможило таа да биде распространета во сите тогашни југословенски републики, позната под името „Ждрал“.

Кон крајот на 1948 г. еден примерок од првата произведена серија на предметните едрилици во фабриката „Утва“ пристигнала и на македонскиот простор. Едрилицата била доделена на тогашниот Воздухопловен сојуз на СР Македонија, којшто ја распределил на користење и одржување во аероклубот во Битола. Сепак, нејзиното најинтензивно користење е забележано во аероклубот во Скопје во текот на 1949 година.

Оваа едрилица, како и останатите од тоа време, била изработена од дрвени материјали, со помалку елементи од метал, но сепак значајни.

Носечката конструкција или „костурот“ на трупот бил изработен од дрвени рамки - ребра, надолжно распоредени и споени со летви. Завршно, таквиот дрвен костур бил обложен со посебна дрвена авиолепенка, именувана како авиошпер. Ребрата на трупот имале елипсовидна форма, додека пресекот значително се намалувал кон предниот, а постепено и кон задниот дел. Самиот труп завршувал со исправен фиксиран дел од вертикалниот стабилизатор. Со рамките на предниот дел од трупот била оформена пилотската кабина со простор за две тандем-седишта, поставени едно зад друго. Двете пилотски седишта биле опремени со синхронизирани







Едрилица „Ždral“ (Жерав)

цртеж: Ѓ. Чачкиров

управувачки команди и посебни инструменти во предната и задната кабина. Исклучок од тоа биле одделните рачки за отворање, затворање и отфрлање на одвоените кабински покривки. Истите биле изработени од основна носечка метална конструкција и providen плексиглас. Пилотските седишта биле приспособени за задолжително носење на седечки пилотски падобрани за спасување и сигурносни ремени за врзување. На најдолниот преден дел од трупот бил формиран подвозот кој се состоел од дрвена скија и двојни тркала поврзани со иста оска.

Конструкцијата, или скелетот на крилото, исто така било изработено од дрво. Формата на централните делови од левата и десната страна од трупот имале правоаголна форма којашто, кон краиштата, се преиначувала во трапезовидна. Финално, краиштата на крилата биле со заоблени завршетоци, т.н. терминезони. Ваквите форми на двете страни на крилото биле благо прекршени на обете страни, така што, гледано од напред, добивале изглед на крила на галеб. Конструкцијата на самото крило била формирана од: нападен раб, рамки - ребра, носечка раменица и излезен раб. Нападниот раб и централниот дел на крилото биле дополнително зацврстен и со дрвена лепенка. Таквата конструкција на крилото, заедно со управувачките крилца – елерони, биле обвиткани со импрегнирано платно. Кон средината на двете половини од крилото биле вградени аеродинамички, односно воздушни сопирачки. Попречниот пресек, односно аеропрофилот на крилото бил од типот „Gö 535“.

Хоризонталниот и вертикалниот стабилизатор биле дводелни, составени од неподвижен и подвижен дел, изградени од дрвени материјали и обвиткани со оплата од импрегнирано платно, исто како и кај крилото.

Така изградената едрилица била со должина на трупот од 7,70 м и распон на крилата од дури, 18 метри. Вкупната површина на крилото изнесувала 22,70 м2. Височината на едрилицата кај вертикалниот стабилизатор, изнесувала 1,7 м. Масата (тежината) на празна едрилица изнесувала од 285 до 310 кг, во зависност од производителот, а вкупната максимална полетна маса изнесувала 490 килограми.

Покрај останатите карактеристики, едрилицата имала и јасно определени летачки ограничувања. Дозволената брзина за нејзино влечење со авион – реморкер (т.н. аерозапрега) била 100 км/час, а оптималната брзина за летање со била околу 75 км/час. Максималната дозволена брзина при летањето изнесувала 215 км/час, а минималната дозволена брзина на летање 55 км/час.

Оваа едрилица ги потврдила своите квалитети со тоа што до средината на педесеттите години од минатиот век со неа биле постигнати девет светски и многу национални рекорди, постигнати од македонските врвни едриличари Славко Димитровски и Љубомир Љубе Петковски, коишто во категоријата на двоседедрилици, во текот на 1949 г., поставиле југословенски рекорд во дисциплината „лет до одредена цел и враќање назад“. Во текот на понатамошниот развој на обуката на нови едриличарски кадри и постигнување високи спортски достигнувања, оваа едрилица имала водечка улога и на македонскиот простор.

Ѓорги Чачкиров



# Музеј на воената авијација на Финска

Длабоко во срцето на Финска, во градот Тикакоскит, во јужниот дел на државата, се наоѓа музејот посветен на финската воена авијација. Изграден е со цел да биде место каде што посетителите ќе може да го видат развојниот пат на воената авијација на Финска и нејзиниот технолошки напредок. Исто така, музејот служи и како платформа каде посетителите се едуцираат но, воедно, и се инспирираат. Без разлика дали станува збор за искусен авијациски ентузијаст или љубопитен човек кој сака да види и да доживее нешто ново и несекојдневно, овој музеј има што да им понуди на посетителите.

Почетоците и првите идеи за оформување на ваков музеј во Финска датираат од септември 1978 година, кога е одржан првиот работен состанок на групата за оформување на музејот. Првото изложување пред јавноста било на 1 јуни 1979 година во хангарот број еден, кој од страна на военото воздухопловство и бил дониран на Фондацијата за воено воздухопловство. Музејот се сели на нова локација во 1985 година каде што има значително поголем изложбен простор. Името на музејот било Централен музеј на авијацијата сè до 2016 година, кога се преименува во Музеј на воената авијација на Финска. Со овој музеј раководи Фондацијата за воено воздухопловство и има безрезервна поддршка од военото воздухопловство на Финска, но и има одлична соработка со останатите светски воени музеи. Просечниот број на посетители на овој музеј е околу 25.000 годишно. На простор поголем од 4.800 метри квадратни се распоредени над 40 воздухоплови и голем број експонати кои се директно или индиректно поврзани со военото воздухопловство.

Музејот има две целини – надворешен и внатрешен дел. Внатрешниот дел во својата колекција ги содржи поголемиот дел од експонатите, особено оние кои повеќе се чувствителни на надворешно влијание. Веднаш по влегувањето во внатрешноста на музејот се доаѓа до продавницата за сувенири која е дел од овој музеј. По излегување од продавницата се влегува во главната изложбена хала. Патеката за обиколка, која е обележана, е поставена во кружна форма и овозможува обиколка на целокупната внатрешна поставка. Веднаш од десната страна, после влезот, ве дочекува кокпит од „MIG-21“, а пред него се наоѓа „Breguet 14 A2“. По него следи британскиот бомбардер „Bristol Blenheim“ и шведскиот „Saab 35FS Draken“. На ѕидовите од објектот се поставени делови од опремата (униформи) кои ги носеле припадниците на военото воздухопловство. Следни се советските авиони „MiG-15UTI“ и „MiG-21“, додека над овие два воздухоплови е поставен „Il-28R“. Францускиот тренажен „Fouga CM 170 Magister“ е следен во поставката, а по него следуваат „Saab 91D Safir“, „Folland Gnat Mk.1“ и „De Havilland D.H.115 Vampire“. Просторот помеѓу овие воздухоплови е надополнет со примероци на мотори кои се користат во различни воздухоплови од различни временски периоди. Колекцијата е надополнета и со неколку примероци од хеликоптери како што се: „Mil Mi-1“ и „Mil Mi-4“. Следните примероци на воздухоплови се од периодот на Втората светска војна, а во овој дел се истакнуваат: „VL Pyörremyrsky (PM-1)“, „Messerschmitt Bf 109 G-6“, „Hawker Hurricane Mk. I“ и други. Особено внимание привлекува примерокот на „Brewster Model 239“, кој е единствениот преостанат примерок од овој тип и притоа истиот на себе има траги од борбите за време на Втората светска војна. Конкретниот примерок кој е изложен во музејот е срушен во 1942 година во езерото Iso-Kolejärvi и истиот е изваден во август 1998 година. После тоа била извршена конзервација и во 2009 година истиот бил изложен. Внатрешната колекција е надополнета со изложбени витрини во кои се прикажани различни видови на делови од опрема како што се униформи, вооружувања, документи, фотографии, одликувања, ознаки итн. Надворешниот дел со своите изложени експонати е повеќе насочен на претставување на системите за противвоздушна одбрана, односно радари за следење на воздушен простор и противвоздушни ракетни системи. Воздухопловите кои се изложени во надворешниот дел се: „Saab 35CS Draken“, „MiG-21bis“, „MiG-21UM“, „Folland Gnat Mk.1“ и хеликоптерот „Mi-8“, додека од радарските системи изложени се: надбљудувачки радар со антена „VRRVI“, радар со антена „Philips SGR“, радар „VRRVY“, мобилен радар „AN/TPS-1E“ со Tepsu-антена и други.

Дополнителен додаток на овој музеј се и двата симулатори на лет од коишто едниот е класичен, реплика на „Messerschmitt Bf 109“, додека другиот е симулатор со користење на виртуелна реалност, кој дава реално чувство на летање и неколкуте сегменти од воздухоплови-кокпити од различни видови на авиони во кои посетителите може да влезат ја надополнуваат обиколката на музејот. Во еден дел од музејот е поставена и постојана поставка која е посветена на системите за врски кои се користат во воздухопловството. Исто така, овој музеј има и одделение за реставрација.

Музејот е отворен во текот на целата недела, започнувајќи од 11.00 часот до 17.00 часот. Националните празници се единствените денови кога овој музеј е затворен за посета. За воените ветерани, активните воени лица и децата под 7 години влезот е бесплатен, додека возрасните лица над 18 години за влез во музејот ќе треба да платат 10 евра. Самата обиколка на музејот одзема 2 часа. Кога се поминува низ Музејот на воената авијација на Финска добивате чувство дека се телепортирате низ времето и развојот на авијацијата. Посетата на овој музеј ќе ви донесе незаборавно искуство и задоволство.

Златко Блажески





# Одбележување на 118 години од загинувањето на Даме Груев



Негувањето на слободарските традиции и одбележувањето на значајните настани и личности од подалечното и поблиско историско минато претставува дел од програмската содржина во годишните програми за едукација и обука на Општинската организациона единица на ОРОРСМ од Берово – Пехчево со која раководи Васе Пиличовски.Во контекст на горенспоменатото, делегација на ООЕ на ОРОРСМ Берово – Пехчево, предводена од претседателот Васе Пиличовски, учествуваше на чествувањето кое се одржа по повод 118-годишнината од смртта на македонскиот илинденски великан и еден од најистакнатите членови на Македонската револуционерна организација, Даме Груев. Чествувањето се одржа во беровското село Русиново на 23 декември 2024 година. Споменот за Даме Груев е вечен, како и неговото дело, неговиот лик и дело, што претставува гордост за сите Македонци.Во чест на 118-годишнината од смртта на Даме Груев, беше положено цвеќе пред неговата споменбиста во центарот на село Русиново од страна на голем број делегации и секако, од страна на преставниците на Општинската организација на ОРОРСМ Берово – Пехчево. Значајно е да се напомене дека пред присутните кои учествуваа во чествувањето на овој голем македонски патриот и револуционер, во центарот на село Русиново беше прочитан реферат за неговиот живот и дело.Големиот македонски револуционер Даме Груев загинал на 23 декември 1906 година во борба кај месноста Петлец близу с. Русиново.Водејќи се од девизата ,,Подобро ужасен крај отколку ужас без крај", Даме Груев е запишан во македонската историја како еден од најголемите македонски револуционери и најистакнати членови на Македонската револуционерна организација.

# Билатерална соработка

Во рамките на реализирањето на активностите од меѓународната соработка, значајно е да се напомене и билатералната соработки помеѓу Организацијата на резервни офицери на Македонија и Сојузот на словенечките офицери. Оттука, врз основа на остварената посета на Словенечката организација и посетата на Општинското здружение „Храстник," до ОРОРСМ во знак на почит и задоволство од соработката, од страна на Општинското здружение на совенечките офицери „Храстник" беше доставен календар за 2025 година со фотографии од активностите, меѓу кои и од билатералната средба во мај 2024 година. Во посветата на календарот се изразува огромното задоволство од долгогодишната соработка, искрени желби за многу успеси во Новата 2025 година и продолжување на меѓусебната соработка.




# Дваесетта седница на Извршниот одбор

Со почетокот на новата година започнаа активно со работа органите и телата на Организацијата на резервни офицери, па така на 10 јануари се одржа Дваесеттата седница на Извршниот одбор на Собранието на ОРОРСМ.

Дваесеттата седница се одржа во просториите на Организацијата на резервни офицери во Скопје, а со неа раководеше претседателот, д-р Гоце Георгиев.

На седница на Извршниот одбор се работеше по пет точки од дневениот ред, при што посебен акцент беше ставен на точката за состојбата на објектите дадени под закуп и на календарот за одбележуваење на значајни настани, личности и годишнини во 2025 година. Образложение за состојбата на објектите издадени под закуп даде претседателот, д-р Гоце Георгиев, кој истакна оти е направен увид од страна на две комисии, од кои едната е за објектот во Берово, а другата зе а просториите во Скопје, при што од страна на двете комисии било констатирано дека објектите се во одлична состојба и дека закуподавачите се одговорни и добро се грижат за нив.

Образложение за календарот за одбележуваење на значајни настани, личности и годишнини во 2025 година даде стручниот соработник Тони Мицевски, при што беше констатирано дека се опфатени сите значајни настани на државно ниво, како и оние на локално ниво, што ги одбележуваат општинските организациони единици.

Тони Мицевски



# Радар за детекција и лоцирање на непријателска артилерија „STR 400-G“



Радарот за детекција и лоцирање на непријателска артилерија „STR 400-G“ е проект на компанијата ASELSAN од Република Турција. Проектот има цел да се зголеми ефикасноста на артилериските единици врз цели кои се од клучно значење, како што се непријателските орудија на артилеријата кои секогаш се постојана закана на боиштето за сите инволвирани фактори. Радарскиот систем „STR 400-G“ е во оперативна употреба во турската армија. Радарот во себе интегрира и напредни системи за командување, контрола и комуникации. Основната задача на радарот е да ги лоцира огнените позиции на непријателските минофрлачи, ракетни системи и позиции на артилериски батерии како основни единици на непријателот. Дострелот на детекција на овој радар може да достигне и до 20 километри. Радарот може да се употреби и во мировни операции и мисии, со тоа што би детектирал нарушувања на прекинот на оган помеѓу завојуваните страни и ќе детектира позиции од каде се истрелани проектили или ракети. Овој радар поседува антена AESA (Active Electronic Scanned Array) со која може да покрие азимут од 360 степени. Главната предност на овој радар е тоа што покрај горенаведените детекции на позиции и локации, паралелно може да детектира и класифицира и беспилотни летала. „STR 400-G“ може да се монтира на троножник или да се монтира на моторно возило со модуларно продолжување според висината. Радарот користи принцип на електронско скенирање по азимут и елевација. Во зависност од изведбата на моторното возило на кое е интегрирана радарската платформа, самото моторно возило може да биде од различен тип. Радарот може да работи и во отежнати услови на влага, прашина и неповолни метеоролошки услови. Отпорен е на удари и вибрации и може да биде управуван далечински. Софтверот кој го користи единицата за контрола на радарот е компатибилен со мапите DTED-2 (Digital Terrain Elevation Data). Понатамошниот развој и модернизација на радарскиот систем би бил насочен кон зголемување на дострелот на детектирање и лоцирање на непријателски огнени позиции и воведување на нови софтверски решенија како дел од системот за командување, контрола и комуникации. Од отворени извори на компанијата може да се дојде до податок дека досега за потребите на турската армија се испорачани 56 радари.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „STR 400-G“ | |
|---|---|
| **Оперативна фреквенција** | L band |
| **Дострел на детекција** | 20 км |
| **Елевација** | +/- 45 степени |
| **Напојување** | 24 VDC +/- 10% |
| **Температурен опсег на работа** | -32 до +50 степени Целзиусови |
| **Температурен опсег на чување и складирање** | -40 до +60 степени Целзиусови |



# Генерал Михаило Апостолски – безвременски пример за лидерство и храброст

Прв македонски генерал, воен лидер, академик, историчар, воен теоретичар и уште многу епитети може да се набројат за овој истакнат воен лидер. Во историјата на секој народ се појавуваат одредени личности/фигури кои ја трасираат патеката по која ќе се движи народот и нацијата. Генералот Михаило Апостолски е една од овие маркантни личности кои имаа длабоко влијание врз македонската историја, но и иднина.

Животниот пат на овој воен лидер започнува во Ново Село, Штипско, каде што е и роден на 8 ноември 1906 година. Постилинденскиот период, Балканските војни, како и Првата светска војна го дефинираат правецот по којшто ќе се развива овој воен лидер. Револуционерните активности на македонскиот народ и поделбата на Македонија во периодот на неговиот раст во младоста оставиле силен впечаток врз Апостолски и биле основен мотив за неговата определба да го одбере војничкиот позив како животна определба, животен пат каде тој ќе ги покаже своите способности и потенцијали.

Основното и средното образование го завршува во родниот Штип, а потоа во 1924 ја започнува својата воена кариера како питомец на Воената академија во Белград. За време на своето образование покажува забележително знаење и честопати бил и асистент. Тој со успех ја завршил Воената академија во 1927 година и го добил своето прво поставување во 23. пешадиски полк во родниот Штип. Во овој период ја запознава и Цвета Глигорова (сестра на Киро Глигоров), која подоцна му



станала сопруга. Периодот од своето прво поставување до свето втор воено школување го искористил за интелектуална надградба, како и за стекнување на практични искуства поврзани со војничката професија. Во 1933 година Апостолски успешно ја завршил Високата воена академија во Белград. По завршувањето на ова воено школо тој бил поставен на должност командант на баталјон, и тоа на Тринаесеттиот планински баталјон, сместен во Сушак. Во 1938 година ја завршил Генералштабната академија, по што е распореден во штабот на Дравската дивизиска област во Љубљана. Почетокот на Втората светска војна го затекнала Апостолски во Словенија, а во тоа време имал чин мајор. Неговите лидерски

и воени потенцијали дошле до израз за време на Втората светска војна. На почетокот на војната Апостолски е заробен од страна на италијанските сили и бил сместен во логорот „Вестоне“. По неговото ослободување во септември 1941 година, тој се приклучил на Народноослободителното движење во Македонија, а кон крајот на 1942 година и на почетокот на 1943 година, ја презел командата на Главниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија. Во 1943 година е унапреден во чин генерал-мајор.

Генералот Михаило Апостолски го формирал баталјонот „Мирче Ацев" во август 1943 година. Тоа е прва оперативна воена формација во Македонија, формирана според принципите на организирањето воени регуларни единици. Во крајно сложени услови за време на Втората светска војна, Апостолски ја создава Македонската народноослободителна војска, која веднаш по формирањето се воведува во сложени борбени операции. Израснувањето од одреди до армија во такви услови е единствен пример во историјата на револуционерното и националноослободителното движење. Апостолски раководел со сите позначајни настани во текот на војната, како што се Февруарскиот поход, Пролетната офанзива, завршните операции за ослободување на Македонија и други походи. По завршувањето на војната генералот Михаило Апостолски е поставен за помошник на началникот на Врховниот штаб т.е. Генералштаб, додека од 1946 година, па сѐ до 1952 година, ја извршувал должноста командант на Сараевската воена област. Во 1958 година Апостолски заминал во пензија и се повлекол од активната воена служба со чин генерал-потполковник.

По завршувањето на својата војничка кариера Апостолски му се посветил на научниот сегмент и активно се вклучува во научните институции. Започнувајќи од 1965 до 1970 година бил директор на Институтот за национална историја, а од 1967 година станал член на МАНУ. Во периодот од 1976 до 1983 година бил претседател на МАНУ. Генералот Апостолски е автор на повеќе научни трудови кои се поврзани со операциите реализирани во текот на војната, согледани од научен аспект. Михаило Апостолски починал на 7 август 1987 година во Дојран.

Неколку карактеристики го опишуваат лидерскиот стил на Михаило Апостолски, но најистакната е онаа што го ценел и практикувал значењето на меѓучовечките односи и мотивираноста на потчинетите. Покрај изразената емпатија, друга карактеристика на генералот Апостолски е неговата одлучност и способност за донесување на стратешки тешки одлуки во тешки и пресудни моменти, кога се работи под притисок. Како воен лидер, Апостолски за време на неговата активна служба успешно балансираше помеѓу одржувањето на борбената готовност на тогашната млада југословенска армија, биполарниот свет и опасноста од прекумерна милитаризација. Неговата способност и визија за разбирање на значењето на психилошката компонента како една од клучните елементи во командувањето и оперативната уметност го направи Апостолски да биде карактеристичен воен лидер.

Генералот Михаило Апостолски е добитник на голем број на домашни и странски ордени, обележја и медали како, на пример, „Партизанска споменица 1941“. Во 1953 година бил прогласен за народен херој на Југославија, а добитник е и на наградата „11 Октомври“ за животно дело. Од странски одликувања, тој е носител на: Орден „Суворов“ П степен – СССР, Орден „Грундвалски крст“ П класа – Полска, Орден „Свети Александар“ – Бугарија, Орден на норвешкиот крал „Свети Олав“ и други. Во чест на неговиот живот и дело, денес Воената академија на Република Северна Македонија го носи неговото име.





Генералот Михаило Апостолски е препознатлив по неговата стратешка брилијантност и посветеност во работата, а тоа придонесе тој да стане маркантна фигура во светот на воените лидери во регионот, а слободно може да се каже и во светски рамки. Неговите дела се одликуваат со храброст, интелект, одговорност и посветенот. Некои воени лидери се истакнале само на военото поле, но Михаило Апостолски својата лидерска способност ја покажал и ја докажал и надвор од военото поле со неговата посветеност кон мирот, иднината и развојот.

Златко Блажески



# Ловејќи го времето, местото, формата и тонот

Умберто Бочиони е еден од највлијателните преставници на современото италијанско сликарство . Тој ја обликувал револуционерната естетика на движењето футуризам, како една од неговите главни фигури. И покрај неговиот краток животен век, неговиот пристап кон динамиката на формата и деконструкцијата на масата, долго по неговата смрт оставила големо влијание кај уметниците. Умберто Бочиони е роден на 19 октомври 1882 година во Реџо Калабрија. Неговиот татко бил државен службеник , по потекло од регионот Романја на север, а неговата работа вклучувала чести прераспоредувања низ Италија. По 1898 година Бочиони се преселил во Рим и студирал уметност во Scuola Libera del Nudo на Accademia di Belle Arti di Roma. Тој, исто така, студирал плакат во стилот на „Либерти“, под менторство на  Џовани Маталони. Она што е малку познато за неговиот престој во Рим се наоѓа во автобиографијата на неговиот пријател Гино Северини (1883 – 1966), кој се присетил на нивната средба во 1901 година и за заедничкиот интерес за Ниче, за бунтот, животните искуства и социјализмот. Списите на Бочони ја изразуваат комбинацијата на бес и иронија што му останала доживотна карактеристика. Неговата критичка и бунтовничка природа и севкупните интелектуални способности суштински придонеле за развој на движењето футуризам. Откако се изградиле како сликари со основните вештини, проучувајќи ја класиката преку импресионизмот, и тој и Северини станале ученици на Џакомо Бала, сликар кој се фокусирал на модерната дивизионистичка техника. Во тој контекст Северини ќе напише: „За нас беше голема среќа да запознаеме таков човек, чиј правец беше одлучувачки за нашата кариера“ . Во 1906 година, Умберто накратко се преселил во Париз, пред да ја посети Русија на три месеци, запознавајќи се од прва рака за граѓанските немири и владините репресии. Враќајќи се во Италија во 1907 година, тој накратко имал студиски престој на Accademia di Belle Arti во Венеција. Во 1901 година за првпат ја посетил Famiglia Artistica, Друштво за уметници во Милано . Бочони се преселил во Милано во 1907 година и таму, на почетокот на 1908 година, го запознал дивизионистичкиот сликар Гаетано Превијати. На почетокот на 1910 година тој се запознал и со Филипо Томазо Маринети, кој веќе го објавил својот Manifesto del Futurismo („Манифест на футуризмот“) претходната година. На 11 февруари 1910 година, Бочони, со Бала, Карло Кара, Луиџи Русоло и Северини, го потпишале Манифестот на футуристичките сликари . Бочони станал главен теоретичар на




уметничкото движење, па оттука тој вели: „Само кога Бочиони, Бала, Северини и неколку други футуристи отпатуваа во Париз кон крајот на 1911 година и видоа што правеа Брак и Пикасо. Движењето почна да добива вистинска форма“ . Во 1914 година ја објавил Pittura e scultura futuriste (dinamismo plastico), објаснувајќи ја естетиката на групата:„Додека импресионистите сликаат слика за да дадат еден одреден момент и да го подредат животот на сликата на нејзината сличност со овој момент, ние го синтетизираме секој момент (време, место, форма и тон на боја) и на тој начин ја сликаме сликата“. Мајкл Гловер, уметнички критичар, за списанието „The Independent“, изјавил: „Подарокот на Бочиони беше да внесе ‘свежо око’ во реалноста, на начин кој ја дефинира природата на модерното движење и визуелните уметности и литературата“. Италијанското учество во Првата светска војна започна кон крајот на мај 1915 година со објавата на Италија за војна на Австро-унгарската империја. „Ломбардскиот баталјон од волонтери, велосипедисти и возачи“, чијшто учесник бил и Бочони, започнал во јуни 1915 г. од Милано до Галарате, потоа кон Пешиера дел Гарда, во задниот дел на фронтот во Трентино. Во јули 1915 година, волонтерите биле наменети за сектор од фронтот околу Ала и Гардесана. На 24 октомври 1915 година, Бочони учествувал во битката кај Досо Казина. На 1 декември 1915 година, Баталјонот бил распуштен, како дел од општа реорганизација. Волонтерите биле отпуштени привремено, а потоа секој волонтер бил повикан заедно со класот. Во мај 1916 година, Бочони бил регрутиран во италијанската армија и бил распореден во Артилериски полк во Сорте од Киево, во близина на Верона. На 16 август 1916 година, тој бил отфрлен од неговиот коњ за време на вежба за обука на коњаница и бил прегазен. Починал следниот ден, на триесет и три години во Воената болница во Верона и бил погребан на Монументалните гробишта во овој град.



м-р Трајче Чатмов



# „Ли“
# Жената која ја фотографираше бруталноста на војната

Во филмот Ли од 2023 година Кејт Винслет ја игра главната улога, прикажувајќи го ликот на Ли Милер, позната британска фотографка и новинарка, која во текот на Втората светска војна, станува воен фоторепортер. Филмот го следи нејзиниот живот, почнувајќи од неа како модел и уметничка муза, до нејзината преобразба во храбра жена која ја бележи бруталноста на војната, истовремено соочувајќи се со свои внатрешни демони. Винслет мајсторски го доловува емотивниот приказ на херојскиот и контроверзен живот на главната протагонистка.

Филмот почнува во 1977 година, така што Ли Милер ја раскажува својата приказна на оној што ја интервјуира, која ја следиме како низа на повеќе ретроспективи.

Така, ја гледаме Ли во 1937 година како њујоршки модел и амбициозна фотографка што живее боемски живот во Европа, каде го запознава и се заљубува во Роланд Пенроуз. Подоцна се сели до него во Лондон и за време на војната добива работа во магазинот Вог, како воена дописничка заедно со фоторепортерот Дејвид Шерман.

Таа пратејќи ги сојузничките трупи, ги документира битките, го документира ослободувањето на Париз, а исто така ги документира и ужасите на концентрационите логори Бухенвалд и Дахау.

Една од најпознатите сцени на филмот е фотографијата на злото во кадата на Хитлеровиот стан во Минхен, снимена од страна на Шерман.

После војната Ли се соочува со цензура на нејзините фотографии, со лични трауми, со посттрауматско стресно пореметување и алкохолизам, последици од нејзиното учество во војната, кои подоцна имаат големо влијание врз нејзиниот однос со синот Антонио.

Филмот завршува со ретроспектива на опусот на Ли, нагласувајќи ја нејзината важност како пионирка на воената фотографија. Последните сцени ја прикажуваат Ли како се соочува со своите сеќавања и пронаоѓа мир во семејството и уметноста.

филмот Ли ја истакнува женската храброст и сила, преку приказната за жената Ли Милер, жена која се спротивставува на општествените норми и се соочува со екстремни услови, со цел да ја документира вистината за Втората светска војна. Откажувајќи се од гламурозниот начин на живот како модел за да стане воена фотографка таа докажува дека жените можат да играат клучни улоги во професиите во кои доминираат мажите.

Ли Милер верувала дека нејзината должност е да го прикаже светот каков што е, без разубавување. Нејзините фотографии во ослободените концентрациони логори, како Дахау, вклучува слики кои шокираат, но исто така даваат и









веродостојни докази за злосторствата на нацистите. Филмот ја истражува дилемата: Како да се прикажат овие ужаси, без при тоа да се дехуманизирааst жртвите? Нејзините фосографии го менуваат начинот на кој светот ја перцепира војната, потенцирајќи ја важноста да се прикаже стварноста на начин кој би поттикнал емпатија, акција и колективно соочување со вистината.
Храбрата Ли не се соочува само со опасностите на теренот туку и со емоционални последици на нејзиното дејствување. Фотографирањето на такви глетки остава длабоки психолошки лузни и ја нагласува пожртвуваноста и етиката што ја носи нејзината професија. Фотографијата станува начин на кој Ли ги процесира своите емоции пронаоѓа смисла во хаосот на војната. Меѓутоа филмот исто така покажува дека дури и преку уметноста не е секогаш можно да се залечат раните од хоророт на војната воопшто. Затоа треба да се разберат и да се поддржат сите оние кои го влечкаат со себе товарот на војната, дури и после многу години од нејзиното завршување.
Перформансот на Кејт Винслет е сржта на овој филм пружајќи автентичност и емотивна длабочина на истиот. Споредните ликови пружаат солидна интерпретација, но нивните ликови се помалку развиени, оставајќи ја Кејт Винслет во центарот на вниманието , со кој таа одлично се носи.
Режисерката на филмот Елен Курас, успешно ја пренесува визуелната естетика на епохата, создсвајќи атмосфера која мајсторски го доловува времето и местото на дејствието. Сепак некои критичари, забележуваат дека на режијата понекогаш ѝ недостасува подлабока емоционална резонанца, што може да влијае на целокупното доживување на филмот. Што се однесува до сценариото , тоа ги следи клучните моменти од животот на Ли Милер, но се соочува и со предизвиците во доставување на кохерентни и длабоки наративни структури. Некои критичари истакнуваат дека филмот повремено наликува на низа на епизоди, без цврста поврзаност, што може да им отежне на гледачите потполно да се поврзат со приказната.
Што се однесува на тематските елементи, филмот Ли ги истражува темите на војната, траумата и идентитетот, прикажувајќи како искуствато од фронтот ја обликуваат Ли Милер како уметник и личност. Филмот се занимава и со прашањето за женската позиција во доминантно машкиот свет на вое违ото новинарство, нагласувајќи ја храброста и одлучноста на главната притагонистка.

Како што се очекува од режисерката со богато искуство во кинрматографијата филмот е визуелно импресивен. Курас користи светло, сенки и композиција на кадрите на начин да ја долови атмосферата и внатрешната состојба на ликовите, пружајќи им на гледачите естетски впечатливо искуство.
Од сето ова може да се заклучи дека филмот Ли е филм кој се заснова на силната интерпретација, односно глума на актерката Кејт Винслет, како и визуелната естетика, со цел да се раскаже приказната за фасцинантната жена, која има оставено длабока трага во историјата на фотографијата. Иако се соочува со одредени наративни предизвици филмот ни носи вреден увид во животот и делото на Ли Милер, потсетувајќи на важноста на нејзиниот допринос во текот на турбулентниот период на Втората светска војна.
Филмот Ли премиерно е прикажан на Меѓународниот филмски фестивал во Торонто на 9 септември 2023 година, а во Обединетото Кралство се прикажува од 13 септември 2024 година. Филмот главно добива позитивни критики, а Кејт Винслет заслужено е номинирана за неколку награди за најдобра актерка.

Ивана Лазаревиќ





**Режија:** Фил Кофман

**Жанр:** Биографска љубовна драма

**Улоги:** Клиф Овен, Никол Кидман, Роберт Дивал, Ларс Урлих

**Сценарио:** Џери Стејчл, Барбара Тарнер

**Продуценти:** Питер Кофман, Барбара Тарнер, Триш Хофман,Александра Рајан

**Дистрибутери:** „HBO Films“, „Attaboy Films“, „Walrus & Associates“

**Музика:** Хавиер Наварете

**Година:** 2012

**Јазик:** Англиски

**Земја:** САД

**Времетраење:** 154 минути

**Буџет:** 14 милиони долари



# Вештачкото Прилепско Е релакс

На околу шест километри од Прилеп, во месноста Гладно Поле, се наоѓа вештачкото Прилепско Езеро, изградено на Ореовечка Река. Просторот покрај езерото е уреден пред повеќе години и изградени се рекреативни елементи – патеки и спортски игралишта, со цел да биде пријатно место за одмор, релаксација и за убава прошетка и во летниот и во зимскиот период.

Општина Прилеп пред пет години го реализираше проектот „Прилепското Езеро – нови авантури, нови можности“, со поддршка на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион. Во овој проект беа вложени над четири милиони денари, финансирани од Европската Унија.

Со ова се подобри и се унапреди областа околу езерото и се придонесе за промоција на ова атрактивно излетничко место за жителите од Прилеп и околината коишто пешачат, се рекреираат на спортските игралишта за кошарка, пинг-понг, одбојка и други активности. Денот кога го посетивме, сакајќи да ја пренесеме атмосферата оттаму, забележавме дека има поставено урбана опрема за забава на децата и летниковци за одмор на возрасните. Поради тоа што времето беше студено, на езерото и околу него немаше посетители кои играа на игралиштата, како што е случај во летен период, кога граѓаните масовно го посетуваат ова вештачко езеро и го користат за спорт, рекреација и за излети во природа.

За овој простор да блесне во полн сјај, останува да се реализираат уште плановите за изградба на велосипедска патека и да се уреди просторот каде што некогаш имало убав мотел. Но, за жал, тоа сега е руина.

Водите на езерото се користат за наводнување на Прилепското Поле, како и за техничка вода. Езерото зафаќа површина од 0,54 квадратни километри, долго е 1,4 километри, а широко е помеѓу 400 и 600 метри. Најголемата длабочина, кога има најмногу вода, изнесува 28 метри, а кога езерото е полно се акумулираат 6 милиони кубни метри вода.

Врнежите од снег и дожд го полнат езерото преку малите водотеци, од Пештерска и Стара Река, како и од водите кои се слеваат од блиското село Крстец. Бетонската брана на езерото е изградена 1965 година. Браната е висока 36 метри, долга е 408 метри, а ширината на круната изнесува 2,5 метри. Под езерото, кое се порибува со клен, скобал, крап и костреш, се наоѓа потопеното село Пештерица. Во летниот период, овде, на вештачкото Прилепско Езеро, риболовците ловат риби, додека сите останати посетители се релаксираат и рекреираат.

Каролина Мицевска



# Езеро – место за одмор и ација








157
156
179
148
71